# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 64 Год. LXV Петок, 22 мај 2009 Цена на овој број е 270 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1072. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција | 2 |
| 1073. | **Закон** за изменување на Законот за Царинската управа............................... | 3 |
| 1074. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување............. | 4 |
| 1075. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота................. | 8 |
| 1076. | **Закон** за шумите.................................. | 13 |
| 1077. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство... | 61 |
| 1078. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата............................... | 63 |
| 1079. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска, Република Латвија и Република Литванија............................... | 82 |
| 1080. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Италијанската Република и Суверениот Воен Ред на Малта........................................ | 82 |
| 1081. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Холандија и постојан претставник на Република Македонија при Организацијата за забрана на хемиски оружја (OPCW)................................... | 82 |
| 1082. | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.. | 83 |
| 1083. | **Исправка** на Решението за определување претставници во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија....................... | 83 |
| 1084. | **Објава** од Министерството за надворешни работи....................................... | 83 |
| 1085. | **Објава** од Министерството за надворешни работи....................................... | 83 |
| 1086. | **Правилник** за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен извршител...................................... | 84 |
| 1087. | **Правилник** за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен инспектор...................................... | 86 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1088. | **Правилник** за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен контролор | **88** |
| 1089. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивното водење | **89** |
| 1090. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта | **89** |
| 1091. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга | **89** |
| 1092. | **Решение** од Министерството за локална самоуправа | **95** |
| 1093. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност | **95** |
| 1094. | **Тарифник** за дополнување на Тарифникот за утврдување на висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност | **96** |
| 1095. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **96** |
| 1096. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **96** |
| 1097. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности | **97** |
| 1098. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности | **97** |
| 1099. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности | **97** |
| 1100. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **97** |
| 1101. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **98** |
| 1102. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **98** |
| 1103. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **98** |
| 1104. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **98** |
| 1105. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **99** |
| 1106. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **99** |
| 1107. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **99** |
| 1108. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за полагање испит за стекнување својство на агент и за запишување на лицето во регистарот на агенти и за формата и содржината на уверението | **99** |
| 1109. | **Решение** за престанување на важење на Решението за забрана на увоз во Република Македонија и транзит преку територијата на Република Македонија на живи домашни и диви свињи, семе за вештачко осеменување, јајни клетки и ембриони по потекло од домашни и диви свињи од сите земји, заради спречување на внесување на болеста инфлуенца кај свињи | **100** |
| | **Огласен дел** | **1-60** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1072.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН УСЛОВ ЗА ВРШЕЊЕ ЈАВНА ФУНКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 мај 2009 година.

Бр. 07-2267/1
18 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН УСЛОВ ЗА ВРШЕЊЕ ЈАВНА ФУНКЦИЈА

Член 1

Во Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2008) во членот 11 бројот „4“ се заменува со бројот „6“.

Член 2

Во членот 15 ставот 1 се менува и гласи:

„Комисијата е составена од 11 члена, односно од претседател, заменик- претседател и девет члена кои ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, од редот на личности со висок личен и професионален интегритет. Членовите на Комисијата се избираат за време од пет години.“

Член 3

По членот 16 се додаваат два нови члена 16-а и 16-б, кои гласат:

„Член 16-а

(1) Собранието на Република Македонија од редот на членовите на Комисијата, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, ги избира претседателот и заменик-претседателот на Комисијата за време од шест месеца.

(2) Собранието на Република Македонија најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на претседателот и заменик-претседателот на Комисијата го врши изборот на наредниот претседател и заменик-претседател на Комисијата.

Член 16-б

(1) Функцијата член на Комисијата се врши професионално.

(2) Функцијата член на Комисијата е неспојлива со вршење на друга јавна функција, како и со вршење на друга професија, дејност или должност. Претседателот, заменик-претседателот и членовите на Комисијата не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата на Република Македонија.

(3) Коефициентот за определување на платата на претседателот, заменик-претседателот и членовите на Комисијата го утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија."

Член 4

Во членот 42 зборовите: „пет години од денот на неговото влегување во сила“ се заменуваат со зборовите: „десет години од денот на изборот на составот на Комисијата за верификација на фактите“.

Член 5

Од денот на влегувањето во сила на овој закон претседателот, заменик- претседателот и членовите на Комисијата за верификација на фактите функцијата во Комисијата ја вршат професионално.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR PËRCAKTIMIN E KUSHTIT PLOTËSUES PËR KRYERJEN E FUNKSIONIT PUBLIK

Neni 1

Në Ligjin për përcaktimin e kushtit plotësues për kryerjen e funksionit publik (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 14/2008, në nenin 11 numri “4” zëvendësohet me numrin “6”.

Neni 2

Në nenin 15 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

“Komisioni përbëhet prej 11 anëtarësh, përkatësisht prej kryetarit, zëvendës-kryetarit dhe dy anëtarëve të cilët i emëron dhe shkarkon Kuvendi i Republikës së Maqedonisë me shumicën e dy të tretave nga numri i përgjithshëm i deputetëve nga radhët e personaliteteve me integritet të lartë personal dhe profesional. Anëtarët e Komisionit zgjidhen për kohëzgjatje prej pesë vjetësh.”

Neni 3

Pas nenit 16 shtohen dy nene të reja 16-a dhe 16-b, si vijon:

“Neni 16-a

(1) Kuvendi i Republikës së Maqedonisë nga radhët e anëtarëve të Komisionit, me propozimin e Komisionit për çështjet e zgjedhjeve dhe emërimeve të Kuvendit, zgjedh kryetarin dhe zëvendës-kryetarin e Komisionit për kohëzgjatje prej gjashtë muajsh.

(2) Kuvendi i Republikës së Maqedonisë më së voni 15 ditë para skadimit të mandatit të kryetarit dhe zëvendës-kryetarit të Komisionit bën zgjedhjen e kryetarit dhe zëvendës-kryetarit vijues të Komisionit.

Neni 16-b

(1) Funksioni anëtar i Komisionit kryhet në mënyrë profesionale.

(2) Funksioni anëtar i Komisionit është jokompatibil me kryerjen e funksionit tjetër publik, si dhe me kryerjen e funksionit, veprimtarisë ode obligimit tjetër. Kryetari, zëvendës-kryetari dhe anëtarët e Komisionit nuk mund të jenë anëtarë në organet dhe trupat që i zgjedh ose emëron Kuvendi i Republikës së Maqedonisë.

(3) Koeficientin e caktimit të rrogës së kryetarit, zëvendës-kryetarit dhe të anëtarëve të Komisionit e verifikon Komisioni për çështjet e zgjedhjeve dhe emërimeve të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë.”

Neni 4

Në nenin 42 fjalët: “pesë vjet nga dita e hyrjes së tij në fuqi”, zëvendësohen me fjalët: ”dhjetë vjet nga dita e zgjedhjes së përbërjes së Komisionit për verifikimin e fakteve”.

Neni 5

Nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, kryetari, zëvendës-kryetari dhe anëtarët e Komisionit për verifikimin e fakteve funksionin në Komision e kryejnë profesionalisht.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1073.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Царинската управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2009 година.

Бр. 07-2281/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007 и 103/2008), во членот 49-г став 5 зборовите: "Царинската управа" се заменуваат со зборовите: "Буџетот на Република Македонија".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIM TË LIGJIT PËR DREJTORINË DOGANORE DISPOZITA TË PËRGJITHSHME**

Neni 1

Në Ligjin për Drejtorinë Doganore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 46/2004, 81/2005, 107/2007 dhe 103/2008) ,në nenin 49-g paragrafi 5 fjalët: "Drejtoria Doganore" zëvendësohen me fjalët: "Buxheti i Republikës së Maqedonisë".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1074.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2009 година.

Бр. 07-2282/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 142/2008), во членот 7 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Обврзник за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење е работодавач за своите вработени на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, согласно со закон."

Член 2

Во членот 10 став (1) точката 6 се менува и гласи:

„6) привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност;".

Точката 7 се менува и гласи:

„7) невработено лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку нема друга основа на осигурување;".

По точката 15 се додава нова точка 16, која гласи:

„16) граѓани на Република Македонија кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување по една од точките 1 до 15 на овој член."

Член 3

Во членот 12 став (1) точка 1 по зборовите: „правно лице" се додаваат зборовите: „самовработено лице" и запирка.

Член 4

Членот 13 се менува и гласи:

„Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е:

1) работодавач за своите вработени;

2) самовработено лице само за себе;

3) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија се обврзници за пресметка на придонесите за индивидуален земјоделец, верско службено лице и лица од членот 7 став (1) точки 3, 4 и 12, членот 7 став (2), членот 8 став (1) точка 5, членот 10 став (1) точки 5, 8, 10, 12 и 13, членот 10 став (2) и членот 12 став (2) на овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

4) работодавач или Фондот за здравствено осигурување на Македонија за работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно со закон;

5) Фондот за здравствено осигурување на Македонија за лицата од членот 10 став (1) точки 6, 7 и 16 на овој закон;

6) Агенцијата за вработување на Република Македонија за лицата од членот 7 точка 8 и членот 8 став (1) точка 4 на овој закон;

7) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за лицата од членот 7 став (1) точка 9 и членот 10 став (1) точка 9 на овој закон;

8) Управата за извршување на санкции за лицата од членот 8 став (1) точка 2 и членот 10 став (1) точка 14 на овој закон;

9) установа од областа на образованието за лицата од членот 8 став (1) точка 1 на овој закон;

10) надлежен орган на државната управа за лицата од членот 7 став (1) точки 10 и 11, членот 8 став (1) точка 3 и членот 10 став (1) точки 11 и 15 на овој закон и за работник кој зема надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;

11) организаторот за лицата од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон и

12) професионален спортски клуб за лицето од членот 9 став (2) на овој закон.“

Член 5

Во членот 14 став (1) точката 3 се менува и гласи:

„3) просечна плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за лицето од членот 7 став (1) точки 10 и 11, лицето од членот 10 став (1) точка 13 и лицето од членот 10 став (2) на овој закон;“.

Точката 4 се менува и гласи:

„4) месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок, согласно со Законот за персонален данок на доход, за самовработено лице;“.

По точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а) просечна плата на работникот остварена во годината пред престанокот на задолжителното осигурување, усогласена со просечниот годишен пораст на платите во Републиката, за лицата кои пристапиле во продолжено пензиско и инвалидско осигурување, согласно со закон;“.

Во точката 7 зборовите: „односно висината на надоместокот за корисникот на пензија“ и запирката се бришат.

Во точката 12 зборовите: „тековниот месец“ се заменуваат со зборовите: „јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика“.

Во точката 14 зборовите: „тековниот месец“ се заменуваат со зборовите: „јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„- невработено лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку нема друга основа на осигурување и лицата од членот 10 став (1) точка 16 на овој закон,“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- самовработено лице до истекот на првата календарска година во која започнало со вршење на дејност.“

Член 6

Членот 15 се менува и гласи:

„(1) Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став (1) точки 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој закон.

(2) За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.“

Член 7

Во членот 16 ставот (2) се менува и гласи:

„При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.“

Член 8

Во членот 22 ставот (1) се менува и гласи:

„Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите - работодавач за своите вработени и самовработено лице за своите вработени, согласно со прописите од областа на работните односи е должен да му достави заверена писмена пресметка за пресметаните и уплатените придонеси на обврзникот за плаќање на придонеси најдоцна 15 дена од денот на исплатата на плата или дел од плата, надоместок на плата, односно друг паричен надоместок, како и збирен годишен извештај по истекот на годината најдоцна до 15 февруари наредната година.“

Член 9

Во членот 25 став (1) точка 4 бројот 4 се брише.

По точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;“.

Член 10

По членот 25 се додава нов член 25-а, кој гласи:

„Член 25-а

Стапката по која се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот на осигурување кој се смета со зголемено траење на кој ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеца, е 1,77%.“

Член 11

Во членот 30 став (1) точка 4 бројот 4 се брише.

По точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;“.

Член 12

Во членот 31 став (1) точка 4 бројот 4 се брише.

По точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;“.

Член 13

Одредбите од членот 10 став (1) точка 16 и членот 13 точка 5 на овој закон ќе се применуваат од 1 јуни 2009 година.

До 31 мај 2009 година обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување за лицата од членот 10 став (1) точки 6 и 7 на овој закон е Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите на членовите 1, 5, 6, 7 и 10 ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KONTRIBUTE NGA SIGURIMI I OBLIGUESHËM SOCIAL

Neni 1

Në Ligjin për kontribute nga sigurimi i obligueshëm social (''Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë'' numër 142/2008), në nenin 7, pas paragrafit (2), shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

''(3) Obliguesi për pagesën e kontributit për sigurimin pensional dhe invalidor për stazhin e sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të shtuar është punëdhënësi për të punësuarit e tij të cilëve stazhi i sigurimit iu llogaritet me kohëzgjatje të shtuar, në pajtim me ligjin''.

Neni 2

Në nenin 10, në paragrafin (1) pika 6) ndryshon si vijon:

''Personi i papunësuar përkohësisht derisa pranon kompensim në para nga sigurimi në rast të papunësisë.''

Pika 7) ndryshon si vijon:

''Personi i papunësuar i cili në mënyrë aktive kërkon punë dhe i cili paraqitet në Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë, nëse nuk ka bazë tjetër të sigurimit.''

Pas pikës 15) shtohet pikë e re 16) si vijon:

''16) Qytetarët e Republikës së Maqedonisë të cilët nuk janë të definuar si obligues për pagesën e kontributeve për sigurimin e obligueshëm shëndetësor sipas njërës prej pikave 1) deri në 15) të këtij neni''.

Neni 3

Në nenin 12 në paragrafin (1) në pikën 1) pas fjalëve: ''personi juridik'' shtohen fjalët: ''personi i vetëpunësuar'' dhe presje.

Neni 4

Neni 13 ndryshon si vijon:

''Obligues për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve është:

1) punëdhënësi për të punësuarit e vet;

2) personi i vetëpunësuar vetëm për vete;

3) Fondi i Sigurimit Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë dhe Fondi për Sigurim Shëndetësor të Maqedonisë janë obligues për llogaritjen e kontributeve për bujkun individual, personin zyrtar fetar dhe personat nga neni 7 paragrafi (1) pikat 3, 4 dhe 12, neni 7 paragrafi (2), neni 8 paragrafi (1) pika 5, neni 10 paragrafi (1) pikat 5, 8, 10, 12 dhe 13, neni 10 paragrafi (1) pikët: 5, 8, 12, dhe 13, neni 10 paragrafi (2) dhe neni 12 paragrafi (2) të këtij ligji, ndërsa obligues për pagesën e kontributeve janë personat vetëm për vete;

4) punëdhënësi ose Fondi për Sigurim Shëndetësor të Maqedonisë për punëtorin i cili merr kompensim të rrogës gjatë kohës së pengesës së përkohshme për punë, në pajtim me ligjin;

5) Fondi për Sigurim Shëndetësor i Maqedonisë për personat nga neni 10 paragrafi (1) pikat 6, 7 dhe 16 të këtij ligji;

6) Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë për personat nga neni 7 pika 8 dhe neni 8 paragrafi (1) pika 4 të këtij ligji;

7) Fondi i Sigurimit Pensional Invalidor i Maqedonisë për personat nga neni 7 paragrafi (1) pika 9 dhe neni 10 paragrafi (1) pika 9 të këtij ligji;

8) Drejtoria për Zbatimin e Sanksioneve për personat nga neni 8 paragrafi (1) pika 2 dhe neni 10 paragrafi (1) pika 14 të këtij ligji;

9) institucioni nga sfera e arsimit për personat nga neni 8 paragrafi (1) pika 1 të këtij ligji;

10) organi kompetent i administratës shtetërore për personat nga neni 7 paragrafi (1) pikat 10 dhe 11, neni 8 paragrafi (1) pika 3 dhe neni 10 paragrafi (1) pikat 11 dhe 15 të këtij ligji, dhe për punëtorin i cili merr kompensim të rrogës gjatë kohës së mungesës nga puna për shkak të shtatzënisë, lindjes dhe amësisë;

11) organizatori për personat nga neni 9 paragrafi (1) pikat: 1, 2, 3, 4, 5 dhe 6 të këtij ligji, dhe

12) klubi sportiv profesional për personin nga neni 9 paragrafi (2) të këtij ligji.''

Neni 5

Në nenin 14 në paragrafin (1) pika 3) ndryshon si vijon:

''Rroga mesatare në Republikë e shpallur në muajin janar të vitit në vijim në bazë të të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës, për personin nga neni 7 paragrafi (1) pikat 10 dhe 11, personin nga neni 10 paragrafi (1) pika 13 dhe personi nga neni 10 paragrafi 2 të këtij ligji.''

Pika 4) ndryshohet si vijon:

''Paradhënia mujore e të hyrave neto, përkatësisht e të ardhurave neto të përcaktuara paushall , për të cilën paguhet tatim, në pajtim me Ligjin për tatim personal të të ardhurave, për personin e vetëpunësuar''.

Pas pikës 4) shtohet pikë e re 4-a) si vijon:

''4-a) Rroga mesatare e punëtorit e realizuar në vit para ndërprerjes së sigurimit të obligueshëm, të harmonizuar me shtimin mesatar vjetor të rrogave në Republikë, për personat të cilët kanë qasje në sigurimin e vazhdueshëm pensional dhe invalidor, në pajtim me ligjin''.

Në pikën 7) fjalët: ''përkatësisht lartësia e kompensimit për shfrytëzuesin e pensionit'' dhe presja shlyhen.

Në pikën 12) fjalët: ''muaji në vijim'' zëvendësohen me fjalët: ''muaji janar në vitin vijues sipas të dhënave të Entit shtetëror të statistikës''.

Në pikën 14) fjalët: ''muaji në vijim'' zëvendësohen me fjalët: ''muaji janar në vitin në vijim sipas të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës''.

Alineja 4 ndryshon si vijon:

''personi i papunësuar i cili në mënyrë aktive kërkon punë dhe i cili paraqitet në Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë, nëse nuk ka bazë tjetër të sigurimit dhe personat nga neni 10 paragrafi (1) pika 16).''

Pas alinesë 6 shtohet aline e re 7 si vijon:

''personi i vetëpunësuar deri në skadimin e vitit të parë kalendarik në të cilin ka filluar me kryerjen e veprimtarisë.''

Neni 6

Neni 15 ndryshon, si vijon:

''(1) Baza për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve, përkatësisht baza për sigurim për vitin në vijim nuk mund të jetë më e ulët se 50 % nga rroga mesatare për punëtor në Republikën e Maqedonisë të shpallur në muajin janar të vitin në vijim sipas të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës, me përjashtim të bazës së përcaktuar në nenin 14 paragrafin (1) pikat: 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 dhe 13 të këtij ligji.

(2) Për personin e vetëpunësuar i cili kryen shërbim profesional dhe shërbim tjetër intelektual bazë për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve, përkatësisht baza për sigurimin për vitin në vijim nuk mund të jetë më e ulët nga rroga mesatare për punëtor në Republikën e Maqedonisë të shpallur në muajin janar të vitit në vijim në bazë të të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës.''

Neni 7

Në nenin 16 paragrafi (2) ndryshon si vijon:

''Gjatë llogaritjes së bazës më të lartë për vitin në vijim merret parasysh rroga mesatare për punëtor në Republikën e Maqedonisë të shpallur në muajin janar të vitit në vijim sipas të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës.''

Paragrafi (5) ndryshon si vijon:

''Baza më e lartë mujore për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve për vitin në vijim për person shfrytëzues të kompensimit në para gjatë papunësisë së përkohshme është 80% nga rroga mesatare për punëtor në Republikën e Maqedonisë të shpallur në muajin janar të vitit në vijim sipas të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës.''

Neni 8

Në nenin 22 paragrafi (1) ndryshon si vijon:

"Obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve-punëdhënësi për të punësuarit e vet dhe personi i vetëpunësuar për punëtorët e vet, në pajtim me dispozitat nga sfera e marrëdhënieve të punës është i obliguar t'i dërgojë llogaritje të verifikuar në formë të shkruar për kontributet e llogaritura dhe të paguara obliguesit për pagesën e kontributeve më së voni 15 ditë nga dita e pagesës së rrogës ose pjesë të saj, kompensim të rrogës, përkatësisht kompensim tjetër në denarë, si dhe raport vjetor përmbledhës pas skadimit të vitit më së voni deri më 15 shkurt të vitit në vijim.''

Neni 9

Në nenin 25 në paragrafin (1) në pikën 4) numri 4 shlyhet.

Pas pikës 4) shtohet pikë e re 4-a si vijon:

''4-a) 5,4% për sigurim të detyrueshëm shëndetësor për obliguesit të cilët kontributin e paguajnë në bazën e përcaktuar në nenin 14 pikën 14 alinenë 4".

Neni 10

Pas nenit 25 shtohet nen i ri 25-a si vijon:

''Neni 25-a

Shkalla sipas së cilës llogaritet dhe paguhet kontributi për sigurimin pensional dhe invalidor për stazhin e sigurimit i cili konsiderohet me kohëzgjatje të shtuar në të cilin 12 muajt e kaluar efektive llogariten në stazhin e sigurimit si 13 muaj është 1,77%".

Neni 11

Në nenin 30 në paragrafin (1) në pikën 4) numri 4 shlyhet.

Pas pikës 4) shtohet pikë e re 4-a) si vijon:

''4-a) 5,4% për sigurim të detyrueshëm social për obliguesit të cilët kontributin e paguajnë në bazën e përcaktuar në nenin 14 pika 14 alineja 4".

Neni 12

Në nenin 31 në paragrafin (1) në pikën 4) numri 4 shlyhet.

Pas pikës 4) shtohet pikë e re 4-a) si vijon:

„4-a) 5,4% për sigurim të detyrueshëm social për obliguesit të cilët kontributin e paguajnë në bazën e përcaktuar në nenin 14 pika 14 alineja 4".

Neni 13

Dispozitat e nenit 10 paragrafi (1) pika 16) dhe nenit 13 pika 5) e këtij ligji do të zbatohen prej 1 qershor 2009.

Deri më 31 maj 2009 obligues për llogaritjen dhe pagesën e kontributit për sigurim të detyrueshëm social për personat nga neni 10 paragrafi (1) pikat 6) dhe 7) të këtij ligji është Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë .

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në ''Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë'', ndërsa dispozitat e neneve 1, 5, 6, 7 dhe 10 do të zbatohen nga 1 janari 2009.

**1075.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2009 година.

Бр. 07-2285/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Член 1

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" број 111/2008), во членот 3 по зборовите: „јавни површини" се додаваат зборовите: „на јавните објекти".

Член 2

Во членот 5 точка 4 по зборовите: „гранични премини" се додава зборот „аеродроми".

Во точката 7 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „и околу јавните објекти, определени со урбанистички план".

Член 3

Во членот 8 став 1 по зборот „општините" се става запирка и се додаваат зборовите: „општините во градот Скопје".

Член 4

Во членот 9 по зборовите: „за домување" се става запирка и се додаваат зборовите: „и на дворните површини на јавните објекти".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродроми, го врши сопственикот, закупецот или концесионер на објектот, самостојно или со отстапување на вршење на работите на правни лица регистрирани за одржување на јавна чистота во согласност со закон.

Во колективните станбени згради одржувањето на јавната чистота се задолжува да ја врши куќниот совет."

Член 5

Во членот 14 алинеи 1, 5, 10, 14 и 26 по запирката се додаваат зборовите: „освен за места определени за таа намена".

По алинејата 15 се додава нова алинеја 16, која гласи:

„- вклучување во сообраќај на моторни, влечни и запрежни возила од стоваришта или градилишта со валкани тркала,".

По алинејата 16 се додава нова алинеја 17, која гласи:

"- поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети."

Член 6

Членот 17 се менува и гласи:

„На јавни објекти и на колективни и индивидуални станбени и деловни објекти забрането е испишување на графити, поставување на светлечки реклами и видео билборди како и лепење на плакати.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на места и објекти определени за таа намена од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, можат да се поставуваат светлечки реклами, видео билборди и да се лепат плакати."

Член 7

Во членот 19 воведната реченица се менува и гласи: „Заради обезбедување на јавна чистота на отворените простори на јавните објекти е забрането:".

Во алинеите 1 и 4 зборовите: „освен на места определени за таа намена согласно со закон" се бришат.

Член 8

Во членот 20 став 1 по зборовите: „се должни" се додава зборот „веднаш".

Член 9

Во членот 22 став 2 по зборовите: „корисници на" се додава зборот „јавни".

Член 10

Во членот 26 став 2 по зборовите: „општинските комунални инспектори" се додаваат зборовите: „комуналните инспектори на општините во градот Скопје".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродромите и во случаи кога општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје немаат овластено комунален инспектор. Во случаите кога инспекцискиот надзор го врши Државниот комунален инспекторат, бидејќи нема овластено комунален инспектор, инспекцискиот надзор се врши на сметка на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Комуналните инспектори на градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на градот Скопје согласно со закон.

Комуналните инспектори на општините во градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на соодветната општина во градот Скопје согласно со закон.“

Во ставот 4 кој станува став 6 по зборовите: „општинскиот комунален инспектор“ се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје“.

Член 11

Во членовите 27 ставови 1 и 2 и 28 по зборовите: „општинскиот комунален инспектор“ се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје“.

Член 12

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

„Член 28-а

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите во градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, за работите од нивна надлежност кои се однесуваат на одржувањето на јавната чистота.

При вршење на надзорот од ставот 1 на овој член, органот на државната управа за вршење на работите од областа на комуналните работи ги врши следниве работи:

1) ја следи законитоста на работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на нивните надлежности;

2) им укажува на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;

3) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон;

4) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите за работите кои треба да ги вршат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, согласно со овој закон, а на нивно барање;

5) го следи навременото донесување на актите од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје;

6) дава мислење и стручна помош на барање на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје по предлог на актите кои произлегуваат од овој закон;

7) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје од аспект на редовно, навремено, вистинито и целосно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон и

8) навремено ги известува органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

За преземените мерки и активности од ставот 2 на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ги информира органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.“

Член 13

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во општината доколку не го организира одржувањето на јавната чистота во општината (член 7).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во правното лице кое ќе издаде потврда или извештај без извршена општокорисна работа од страна на лицето упатено на извршување општокорисна работа (член 40 став 5).“

Член 14

Во членот 34 ставот 4 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на членот 19 од овој закон.“

Член 15

Во членот 37 ставот 1 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице сопственик, односно корисник на јавен објект ако не го исчисти снегот од отворениот простор пред јавниот објект (член 22 став 2).“

Член 16

Во членот 38 ставот 1 се менува и гласи:

„Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 29, 30, 31 ставови 1, 2, 3 и 4, 32, 34, 35 и 37 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.”

Ставот 2 се брише.

Член 17

Членот 39 се менува и гласи:

„Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 31 став 5, 33, 34 став 4 и 36 на овој закон, на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

Ако сторителот не го плати предвидениот износ на глобата согласно со рокот од ставот 1 на овој член општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја формира министерот за транспорт и врски и е составена од два члена и претседател.

Членовите на Комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство најмалку од две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство најмалку од четири години.

Во случај на водење на прекршочна постапка, Комисијата од ставот 2 на овој член може да изрече глоба најмногу во трикратен износ од утврдениот со одредбите на членовите наведени во ставот 1 на овој член.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член комуналниот редар е должен да поднесе предлог до општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, за покренување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци.

Доколку сторителот на прекршокот е малолетник во тој случај се постапува согласно со Законот за малолетничка правда.“

Член 18

Во членот 40 ставови 1, 2, 4 и 7 по зборовите: „општински комунален инспектор“ се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје“.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Доколку сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член прифати да врши општокорисна работа, е должен истата да ја изврши во рок од 30 дена од денот на упатувањето за вршење на општокорисна работа и во рок од три дена по извршувањето да достави потврда за извршената општокорисна работа до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар што го упатил на општокорисна работа. Потврдата ја издава овластено лице на Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или на правното лице за одржување на јавна чистота, врз основа на писмен извештај потпишан од лицето кое врши контрола при извршување на општокорисна работа.“

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Доколку сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член прифати да додели средства за вршење на општокорисна работа е должен истите да ги додели во рок од 30 дена од денот на прифаќањето и во рок од три дена од денот на доделувањето на средствата да достави доказ до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар. Доколку сторителот на прекршокот не достави потврда за извршена општокорисна работа во определениот рок или не додели средства за вршење на општокорисната работа, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.“

По ставот 6 кој станува став 7 се додаваат два нови става 8 и 9, кои гласат:

„Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или правното лице за одржување на јавна чистота е должно да води регистар за вршење на општокорисна работа.

Формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа ја пропишува министерот за транспорт и врски."

Ставот 7 станува став 10.

Член 19

Во членот 41 ставот 1 се менува и гласи:

„За прекршоците од членовите 29, 31 ставови 1, 2, 3 и 4, 32, 34, 35 и 37 на овој закон општинскиот комунален инспектор, комуналните инспектори на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје и униформираниот полициски службеник може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.“

Во ставот 2 по зборот „Инспекторот“ се додаваат зборовите: „и униформираниот полициски службеник“.

Во ставот 7 зборовите: „и општинскиот комунален инспектор на општината, односно на градот Скопје“ се заменуваат со зборовите: „општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје и комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник“.

По ставот 10 се додава нов став 11, кој гласи:

„Во случаите во кои не е постигната согласност во постапката за посредување, комисијата за посредување ги известува лицата од ставот 7 на овој член.“

Ставовите 11, 12, 13 и 14 стануваат ставови 12, 13, 14 и 15.

Член 20

По членот 42 се додава нов член 42-а, кој гласи:

„Член 42-а

Средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на комуналните редари, општинските комунални инспектори на општините, комуналните инспектори на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка поведена по барање од општинските комунални инспектори на општините, комуналните инспектори на општините во градот Скопје и на градот Скопје, се приход на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Средствата од глобите изречени во мандатна постапка и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка поведена по барање на униформираните полициски службеници се приход на Буџетот на Република Македонија.“

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## LIGJ PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR HIGJIENEN PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për higjiene publike ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 111/2008), në nenin 3 pas fjaleve: "siperfaqe publike" shtohen fjalet: "të objekteve publike".

Neni 2

Në nenin 5 në piken 4, pas fjaleve: "kalime kufitare" shtohet fjala "aeroporte".

Në piken 7, në fund të fjalise pika shlyhet dhe shtohen fjalet: "dhe rreth objekteve publike, të caktuara me planin urbanistik".

Neni 3

Në nenin 8 në paragrafin 1, pas fjales "komunat" vihet presje dhe shtohen fjalet: "komunat në Qytetin e Shkupit".

Neni 4

Në nenin 9 pas fjaleve: "për banim" vihet presje dhe shtohen fjalet: "dhe në siperfaqet e oborrit të objekteve publike".

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi 2 dhe 3 si vijon:

"Mirembajtjen e higjienes publike në lokalet e hapura të kalimeve kufitare dhe aeroporteve, e kryen pronari, qiramarresi ose koncesioneri i objektit, në menyre të pavarur ose me kalimin e kryerjes së puneve personave juridike të regjistruar për mirembajtjen e higjienes publike, në pajtim me ligjin".

Në ndertesat kolektive për banim mirembajtjen e higjienes publike obligohet ta beje keshilli i shtepise.

Neni 5

Në nenin 14 në alinete 1, 5, 10, 14 dhe 26 pas presjes shtohen fjalet: "pervec për vendet e caktuara për atë qellim".

Pas alinese 15 shtohet aline e re si vijon:

"- kycjen në komunikacion të automjeteve motorike, terheqese dhe qerre nga depot ose kantieret ndertimore me rrota të ndyra;"

Pas alinese 16 shtohet aline e re 17 si vijon:

- vendosja e pajisjes urbane dhe e sendeve të tjera të levizshme dhe të palevizshme.

Neni 6

Neni 17 ndryshon si vijon:

"Në objektet publike dhe në objektet kolektive dhe individuale, strehimore dhe afariste ndalohet shenimi i grafiteve, vendosja e reklamave ndricuese dhe video bilbordeve si dhe ngjitja e afisheve.

Me perjashtim të paragrafit 1 të ketij neni, në vende dhe objekte të caktuara për kete qellim nga ana e komunave, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit, mund të vendosen reklama ndricuese, video bilborde dhe të ngjiten afishe.”

Neni 7

Në nenin 19 fjalia hyrese ndryshon si vijon:

“Për shkak të sigurimit të higjienes publike në lokale të hapura të objekteve publike ndalohet:”

Në alinete 1 dhe 4 fjalet: “pervec për vendet e caktuara për atë qellim në pajtim me ligjin" shlyhen.

Neni 8

Në nenin 20 paragrafi 1 pas fjaleve: “jane të obliguar” shtohet fjala “menjehere”.

Neni 9

Në nenin 22 në paragrafin 2 pas fjaleve: “shfrytezues të” shtohet fjala “publike”.

Neni 10

Në nenin 26 në paragrafin 2 pas fjaleve: “inspektoret komunale të komunave” shtohen fjalet: “inspektoret komunale të komunave në Qytetin e Shkupit”.

Paragrafi 3 ndryshon si vijon:

“Inspektorati shteteror komunal kryen mbikeqyrje inspektuese për mirembajtjen e higjienes publike në lokalet e hapura të kalimeve kufitare dhe aeroporteve dhe në raste kur komunat, komunat në Qytetin e Shkupit perkatesisht Qyteti i Shkupit nuk kane inspektor të autorizuar komunal. Në raste kur mbikeqyrjen inspektuese e bën Inspektorati shteteror komunal, meqe nuk ka të autorizuar inspektor komunal, mbikeqyrja inspektuese kryhet në llogari të komunes, komunave në Qytetin e Shkupit, perkatesisht Qytetit të Shkupit”.

Pas paragrafit 3 shtohen dy paragrafe të rinj 4 dhe 5 si vijojne:

“Inspektoret komunale të Qytetit të Shkupit mbikeqyrjen inspektuese e kryejne në siperfaqet publike dhe në lokalet e hapura të objekteve publike që jane me interes publik me rendesi lokale për Qytetin e Shkupit në pajtim me ligjin.

Inspektoret komunale të komunave në Qytetin e Shkupit mbikeqyrjen inspektuese e kryejne në siperfaqet publike dhe në lokalet e hapura të objekteve publike të cilat jane me interes publik me rendesi lokale të komunes perkatese në Qytetin e Shkupit në pajtim me ligjin.”

Në paragrafin 4 i cili behet paragraf 6 pas fjaleve: “inspektori komunal i komunes” shtohen fjalet: “inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit”.

Neni 11

Në nenin 27, në paragrafin 1 dhe 2 dhe në nenin 28, pas fjaleve: “inspektori komunal i komunes” shtohen fjalet: “inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit”.

Neni 12

Pas nenit 28 shtohet nen i ri 28-a si vijon:

“Neni 28-a

Mbikeqyrjen lidhur me ligjshmerine e punes së organeve të komunes, të organeve të komunave në Qytetin e Shkupit dhe të organeve të Qytetit të Shkupit i kryen orga-

ni i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga lemi i puneve komunale, për punet nga kompetenca e tyre të cilat kane të bejne me mirembajtjen e higjienes publike.

Gjate kryerjes së mbikeqyrjes nga paragrafi 1 të ketij neni, organi i administrates shteterore për kryerjen e puneve nga lemi i puneve komunale i kryen punet në vijim:

1. e ndjek ligjshmerine e punes së organeve të komunes, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit dhe ndermerr masa, aktivitete dhe parashtron iniciativa për realizimin e kompetencave të tyre;

2. iu bën verejtje organeve të komunave, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit në tejkalimin e kompetencave të tyre të percaktuara me kete ligj dhe propozon masa perkatese për tejkalimin e kesaj gjendje;

3. bën verejtje për materiale edhe mangesi të caktuara procedurale në punen e organeve të komunave, të komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit të cilat do të mund ta pamundesonin kryerjen e puneve të percaktuara me kete ligj;

4. jep rekomandime për zbatimin konsekuent të kompetencave për punet të cilat duhen t'i kryejne komunat, komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit, në pajtim me kete ligj, e me kerkese të tyre;

5. e ndjek miratimin me kohe të akteve nga komuna, komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit;

6. jep mendim dhe ndihme profesionale me kerkesen e organeve të komunes, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit me propozim të akteve të cilat dalin nga ky ligj;

7. e ndjek realizimin e transparences në punen e organeve të komunes, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit nga aspekti i informimit të rregullt, më kohe, të vertete dhe të plote të qytetareve për punet e percaktuara me kete ligj, dhe

8. i informon me kohe organet e komunes, komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qytetin e Shkupit për gjendjet e konstatuara në punen e tyre dhe për masat e ndermarra gjate kryerjes së mbikeqyrjes.

Për masat dhe aktivitetet e ndermarra nga paragrafi 2 të ketij neni organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga lemi i puneve komunale i informon organet e komunes, komunat në Qytetin e Shkupit, dhe Qytetin e Shkupit".

Neni 13

Pas nenit 29 shtohet nen i ri 29-a si vijon:

"Neni 29-a

Gjobe në shume prej 2 000 deri në 3 000 euro me kundervlere në denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit zyrtar në komune nese nuk e organizon mirembajtjen e higjienes publike në komune (neni 7 nga ky ligji).

Gjobe në shume prej 500 deri në 1 000 euro me kundervlere në denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit zyrtar në personin juridik i cili do të leshoje vertetim ose raport pa kryerje të punes së gjithe dobishme nga ana e personit të derguar në kryerjen e punes së gjithe dobishme (neni 40 paragrafi 5 i ketij ligji.)"

Neni 14

Në nenin 34 paragrafi 4 ndryshon si vijon:

"Gjobe në vlere prej 50 me kundervlere në denare do t'i shqiptohet personit fizik nese vepron në kundershtim me nenin 19 të ketij ligji".

Neni 15

Në nenin 37 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

"Gjobe në vlere prej 500 deri në 1 000 euro me kundervlere në denare do t'i shqiptohet personit juridik pronar, perkatesisht shfrytezues i objektit publik nese nuk e pastron boren nga lokali i hapur para objektit publik (neni 22 paragrafi 2)".

Neni 16

Në nenin 38 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

"Kur inspektori komunal i komunes, inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit, inspektori komunal i Qytetit të Shkupit, dhe nepunesi policor me uniforme do të vertetojne se eshte kryer kundervajtje nga nenet 29, 30, 31 paragrafet: 1, 2, 3, dhe 4, 32, 34, 35 dhe 37 të ketij ligji do t'i parashtroje kerkese për ngritjen e procedures për kundervajtje gjykates kompetente".

Paragrafi 2 shlyhet.

Neni 17

Neni 39 ndryshon si vijon:

"Kur inspektori komunal i komunes, inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit, inspektori komunal i Qytetit të Shkupit, perkatesisht nepunesi policor me uniforme dhe rojtari komunal do të vertetojne se eshte kryer kundervajtje nga nenet 31 paragrafet 5, 33, 34 paragrafet 4 dhe 36 të ketij ligji, kryeresit do t'i dorezoje ftese për pagimin e gjobes në afat prej tete ditesh nga dita e dorezimit të fteses.

Nese kryeresi nuk e paguan shumen e parapare të gjobes në pajtim me afatin nga paragrafi 1 të ketij neni, inspektori komunal i komunes, inspektori komunal i Qytetit të Shkupit, perkatesisht nepunesi policor me uniforme do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures për kundervajtje para komisionit për vendimmarrje ndaj kundervajtjeve në Ministrine e Transportit dhe Lidhjeve.

Komisionin nga paragrafi 2 të ketij neni e formon ministri i Transportit dhe Lidhjeve dhe perbehet prej dy anetaresh dhe kryetarit.

Anetaret e komisionit jane me arsim siperor dhe me pervoje pune së paku prej 2 vjetesh, kurse kryetari eshte jurist i diplomuar me së paku 4 vjet pervoje pune.

Në rast të mbajtjes së procedures për kundervajtje, Komisioni nga paragrafi 2 të ketij neni mund të shqiptoje gjobe së paku në shumen e trefishte nga shuma e verifikuar me dispozitat e permendura në paragrafin 1 të ketij neni.

Nese kryeresi i kundervajtjes nga paragrafi 1 të ketij neni nuk e paguan gjoben në afatin e parapare në paragrafin 1 të ketij neni, roja komunale eshte i obliguar t'i paraqese propozim inspektorit komunal, inspektorit komunal të komunave në Qytetin e Shkupit, inspektorit komunal të Qytetit të Shkupit për mbajtjen e procedures për kundervajtje para Komisionit për vendimmarrje ndaj kundervajtjeve.

Nese kryeresi i kundervajtjes eshte i mitur, me kete rast veprohet në pajtim me Ligjin për të drejtat e të miturve."

Neni 18

Në nenin 40 në paragrafet 1, 2, 4 dhe 7 pas fjaleve: “inspektori komunal i komunes” shtohen fjalet: “inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit”.

Paragrafi 5 ndryshon si vijon:

“Nese kryeresi i kundervajtjes nga paragrafi 1 të ketij neni pranon të kryeje pune me dobi të pergjithshme, eshte i obliguar që të njejten ta kryeje në afat prej 30 ditesh nga dita e dergimit për kryerjen e punes së gjithe dobishme dhe në afat prej tre ditesh pas kryerjes, t'i parashtroje vertetim inspektorit për punen e kryer të gjithe dobishme, perkatesisht nepunesit policor me uniforme ose rojtarit komunal që e ka udhezuar në punen e gjithe dobishme. Vertetimin e leshon personi i autorizuar i Ndermarrjes Publike për mirembajtjen e higjienes publike ose personi juridik për mirembajtjen e higjienes publike, në baze të raportit të shkruar të nenshkruar nga personi i cili kryen kontroll gjate kryerjes se punes së gjithe dobishme.”

Pas paragrafit 5 shtohet paragraf i ri 6 si vijon:

“Nese kryeresi i kundervajtjes nga paragrafi 1 të ketij neni pranon të ndaje mjete për kryerjen e punes se gjithe dobishme eshte i obliguar që të njejtat t'i ndaje në afat prej 30 ditesh nga dita e pranimit dhe në afat prej tre ditesh nga dita e ndarjes së mjeteve t'i parashtroje deshmi inspektorit, perkatesisht nepunesit policor me uniforme ose rojtarit komunal. Nese kryeresi i kundervajtjes nuk parashtron vertetim për punen e kryer të gjithe dobishme në afatin e caktuar ose nuk ndan mjete për kryerjen e punes së gjithe dobishme, inspektori komunal i komunes, inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit, inspektori komunal i Qytetit të Shkupit dhe nepunesi policor me uniforme do të parashtrojne kerkese për ngritjen e procedures për kundervajtje para gjykates kompetente”.

Pas paragrafit 6 i cili behet paragraf 7, shtohen dy paragrafe të rinj 8 dhe 9 si vijojne:

“Ndermarrja Publike për mirembajtjen e higjienes publike ose personi juridik për mirembajtjen e higjienes publike eshte i obliguar që të mbaje regjister për kryerjen e punes së gjithe dobishme.

Formen, permbajtjen e formularit dhe menyren e mbajtjes së regjistrit për kryerjen e punes së gjithe dobishme e cakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.”

Paragrafi 7 behet paragrafi 10.

Neni 19

Në nenin 41 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

“Për kundervajtjet nga nenet: 29, 31 paragrafet: 1, 2, 3 dhe 4, 32, 34, 35 dhe 37 të ketij ligji inspektori komunal i komunes, inspektoret komunal të komunave në Qytetin e Shkupit, perkatesisht të Qytetit të Shkupit dhe nepunesi policor me uniforme mund që kryeresit të kundervajtjes t’i propozoje ndermjetesim dhe arritje të pajtimit me të cilen kryeresi i kundervajtjes duhet ta paguaje gjoben, taksat tjera dhe t’i menjanoje pasojat nga kundervajtja.”

Në paragrafin 2 pas fjales “Inspektori” shtohen fjalet: "dhe nepunesi policor me uniforme".

Në paragrafin 7 fjalet: "dhe inspektori komunal i komunes së komunes perkatesisht të Qytetit të Shkupit" zevendesohen me fjalet: "inspektori komunal i komunes, inspektori komunal i komunave në Qytetin e Shkupit dhe inspektori komunal i Qytetit të Shkupit dhe nepunesi policor me uniforme".

Pas paragrafit 10 shtohet paragraf i ri 11 si vijon:

“Në rastet ku nuk eshte arritur pajtim në proceduren për ndermjetesim, Komisioni për ndermjetesim i njofton personat nga paragrafi 7 të ketij neni."

Paragrafet: 11, 12, 13 dhe 14 behen 12, 13, 14 dhe 15.

Neni 20

Pas nenit 42 shtohet nen i ri 42-a si vijon:

“Neni 42-a

Mjetet prej gjobave të shqiptuara në proceduren e mandatore nga ana e rojtareve komunale, inspektoret komunale të komunes së komunave, inspektoret komunale të komunave në Qytetin e Shkupit dhe të qytetit të Shkupit, si dhe mjetet nga gjobat e shqiptuara në proceduren për kundervajtje të ngritur me kerkese të inspektoreve komunale të komunave në komunat, inspektoret komunale të komunave në Qytetin e Shkupit dhe të Qytetit të Shkupit, jane të ardhura të komunave, komunave në Qytetin e Shkupit dhe të Qytetit të Shkupit.

Mjetet nga gjobat e shqiptuara në proceduren e mandatare dhe mjetet nga gjobat e shqiptuara në proceduren për kundervajtje të ngritur me kerkese të nepunesve policore me uniforme jane të ardhura të Buxhetit të Republikes së Maqedonise."

Neni 21

Autorizohet Komisionin juridiko-ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise të verifikoje tekstin e spastruar të Ligjit për higjienen publike.

Neni 22

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e shpalljes në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1076.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ**

Се прогласува Законот за шумите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2009 година.

Бр. 07-2286/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н ЗА ШУМИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственоста и намената.

### Сопственост

Член 2

Шумите се во државна и во приватна сопственост.

### Јавен интерес

Член 3

(1) Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Република Македонија и уживаат посебна заштита.

(2) Планирањето, управувањето, стопанисувањето и чувањето на шумите и шумското земјиште се дејности од јавен интерес.

### Цели на Законот

Член 4

Цели на овој закон се:

- трајно да се сочува површината под шума, да се зголеми нивната вредност и да се обезбеди најголем прираст според природните услови на месторастењето и
- да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кој трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на сегашниот и идниот развој на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, притоа да не се наруши екосистемот.

### Субсидијарна примена на закон

Член 5

На постапките утврдени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

### Шума и шумско земјиште

Член 6

(1) Шума, во смисла на овој закон, претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шуми во заштитените подрачја. Шума се состои и од млади насади и шумски култури со површина поголема од два ари, како и површини кои се составен дел на шумата, а привремено се необраснати како резултат на човечкото влијание или природни непогоди на кои започнало природното обновување.

(2) Под шума не се подразбираат одвоени групи на дрвја и на површина помала од два ари, меѓни стебла меѓу земјоделско земјиште, плантажи од брзорастечки видови дрвја, како и крајбрежна вегетација надвор од шума, дрвореди и паркови во населени места.

### Стопанисување со шумите

Член 7

Стопанисување со шумите претставува одгледување, заштита и користење на шумите, преку обнова, нега, заштита, подигнување на нови шуми, користење на шуми и шумско земјиште, како и други активности за одржување и унапредување на функциите на шумите.

### Управување со шумите

Член 8

(1) Управување со шумите опфаќа стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, стручни и советодавни работи за поддршка на субјектите кои стопанисуваат со шумите, мониторинг и надзор.

(2) Со шумите се управува и стопанисува на начин со кој трајно ќе се сочува и зголеми нивната површина, вредноста, да се обезбеди најголем прираст според природните услови и да се сочуваат и подобруваат нивните општокорисни и производни функции.

### Функции на шумите

Член 9

(1) Шумите, без оглед на сопственоста и намената, имаат производни, заштитни и општокорисни функции.

(2) Производните функции на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

(3) Заштитните функции на шумите се остваруваат особено преку:

- заштита на земјиштето, сообраќајниците и други објекти од ерозија, поројни надоаѓања и поплави, влијание на водниот режим и режимот не ерозивните наноси,
- заштита на електроенергетските, хидромелиоративните, водоснабдителните системи и објекти,

- заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост и

- проширување и облагородување на урбаните зони.

(4) Општокорисните функции на шумите се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина и се остваруваат особено преку:

- подобрување на плодноста и заштитата од загадување на земјиштето,

- позитивно влијание на климата и климатските промени,

- врзување и претворање на јаглероден диоксид и јаглероден моноксид во цврста состојба,

- намалување и запирање на ерозивните процеси,

- создавање на кислород и прочистување на атмосферата,

- зачувување на природните вредности и биолошката разновидност,

- создавање поволни услови за лечење, закрепнување, одмор, спорт и рекреација,

- развој на туризмот и ловството,

- одбранбени активности,

- придонес за рурален развој и развој на локалните заедници и

- влијанието на убавината на пејзажот.

(5) Според функциите на шумите од ставот (1) на овој член и мерките на стопанисување, шумите можат да бидат стопански шуми, заштитни шуми, шуми со посебна намена и шуми во заштитени подрачја.

**Видови на шуми по намена**

Член 10

(1) Стопански шуми првенствено се користат за трајно производство на дрвни сортименти и други шумски производи и услуги.

(2) Заштитни шуми првенствено се користат за заштита на земјиштето, водата, населбите, инфраструктурни системи и други објекти и останатиот имот.

(3) Шуми со посебна намена можат да бидат определени како: шумски и ловни резервати, парк шуми, спомен шуми, шуми за производство на шумско семе, излетишта и шуми за потребите на науката, наставата и одбраната.

(4) Шумски и ловни резервати се определуваат заради заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја, дивеч и заштита на биолошката разновидност.

(5) Парк шуми и излетишта се определуваат за одмор, спорт и рекреација.

(6) Спомен шуми се определуваат заради одбележување на важни историски настани.

(7) Шуми за производство на шумско семе се определуваат за производство на признат и квалитетен репродуктивен семенски материјал.

(8) Шуми за потребите на науката и наставата се определуваат заради едукација на стручни лица од обласа на шумарството и научно-истражувачки цели.

(9) Шуми во заштитените подрачја се прогласуваат согласно со Законот за заштита на природата.

**Начин на определување на шумите по намена**

Член 11

(1) Шумите за посебна намена ги определува Владата на Република Македонија.

(2) Шуми во заштитени подрачја се прогласуваат согласно со Законот за заштита на природата.

(3) Определување на шума со посебна намена се врши по барање на заинтересирани субјекти врз основа на стручно-техничка документација за намената, потребата и оправданоста за нејзино определување.

(4) Со актот од ставот (1) на овој член се утврдуваат намената, режимот на одгледување, заштитата на шумата и правните лица кои ќе вршат одгледување и заштита на шумата со посебна намена.

**Дефиниции**

Член 12

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Биолошка разновидност** е севкупност на живите организми како составен дел на екосистемите, а ја вклучува разновидноста внатре во видовите, меѓу видовите, како и разновидноста на екосистемите. Компоненети на биолошка разновидност се видови на растенија, габи и животни со нивните живеалишта, нивниот генетски материјал и екосистемите;

2. **Генофонд** е целокупното количество на наследен материјал во одредена популација;

3. **Горна граница** (ивица-раб) на шума е линијата којашто со вертикалната проекција ја формираат крошните на крајните стебла во највисокиот висински појас (зона) на шумата;

4. **Деградирана шума** е шума која во значителна мера го изгубила квалитетот и способноста за прираст заради неповолно влијание на биотски, абиотски и антропогени фактори;

5. **Долна граница** (ивица-раб) на шума е линијата којашто со вертикалната проекција ја формираат крошните на првите стебла во најнискиот висински појас (зона) на шумата;

6. **Екосистем** е еколошки систем на организација кој претставува комплексно и структурно-функционално единство на живата и неживата природа;

7. **Енклава, односно полуенклава** е земјиште опкружено со земјиште од друг облик на сопственост или земјиште кое подлабоко навлегува во земјиштето на друг сопственик, односно корисник. Под енклава или полуенклава нема да се смета земјиште поголемо од 5 ха;

8. **Етат** е планирано количество дрвна маса за користење според посебните планови за стопанисување со шумите;

9. **Заштита на шумите** е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумата, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања;

10. **Интегрирано управување** е управување со просторот и природните ресурси (шуми, вода, минерални суровини, дивеч, туризам, други шумски производи итн.) од страна на еден субјект;

11. **Копачење на шумите** е отстранување на целата шумска вегетација за пренамена на шумското земјиште;

12. **Корисници на шуми** се правни лица, односно јавните претпријатија и/или стопански субјекти кои со овој или друг закон стекнале право на користење на државните шуми;

13. **Користење на шумите** е сеча на дрвја и производство на шумски сортименти, користење на отпадот од сеча, други шумски производи (шумски плодови, лековити растенија или нивни делови, печурки, лишаи, мов, семе, смола, камен и друго), промет на дрво и други шумски производи, како и користење на шумите за туризам, лов и рекреација;

14. **Лиценцирање за извршување на стручни работи во шумарството** е постапка во овластена државна институција, во посебна постапка потврдува дека правното и физичкото лице ги исполнуваат стручните квалификации за извршување на работите во шумарството;

15. **Мониторинг** е систем на постојано следење и анализа на целосната состојба на шумските екосистеми, а особено на нивната виталност, здравствена состојба и биолошка разновидност поради преземање на превентивни мерки и заштита;

16. **Насад** е дел од шума која според видовите на дрва, структурата, начинот и формата на одгледување се разликува од својата околина и бара посебни одгледувачки мерки;

17. **Нега на шумите** опфаќа одгледувачки мерки која се спроведува во шумските насади од моментот на настанување па до времето на обновителна сеча;

18. **Обнова на шума** е процес на настанување/основање на нови млади шуми на местото на постојните шуми по природен пат или вештачки подигнати шуми;

19. **Одгледување на шумите** е одржување, нега, обнова, мелиорација и реконструкција на шуми и шикари, замена на видови дрвја, збогатување на шумите со повредни видови дрвја и пошумување на голини и ерозивни земјишта;

20. **Одржливо стопанисување** подразбира стопанисување и користење на шумите и шумското земјиште на начин и во обем (степен) со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивност, способност за регенерација, виталност и нивниот потенцијал за исполнување, сега и во иднина, на релевантните еколошки, економски и социјални функции на локално, национално и глобално ниво, односно на начин кој не предизвикува оштетување на други екосистеми;

21. **Подигнување на шуми**, во смисла на овој закон, е пошумување на необраснато шумско земјиште, подигнување на насади од одредени дрвни видови и заштитни појаси на нови површини, како и нега на новоподигнатите шуми до првиот проред;

22. **Пасиште** е земјоделско земјиште коешто во најголем обем е обраснато со тревна и зелјаста вегетација и првенствено се користи за исхрана на дивеч и напасување на добиток;

23. **Провиниенција** е географско потекло на одреден вид;

24. **Производни функции на шумите** се производството на дрвната маса и другите шумски производи;

25. **Процена на влијанието на животната средина** е превентивна мерка на заштита на животната средина основана врз изработка на студија спроведена со консултации и со учество на јавноста и анализа на алтернативни мерки со цел да се соберат податоци и да се предвидат одредени штетни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, флората и фауната, земјиштето, водата, воздух, климата и пределот, материјалните и културните добра и заемното влијание на овие причинители, како и утврдување и предлагање на мерки со кои се спречуваат, намалуваат или отстрануваат овие штетни влијанија;

26. **Пустошење на шумите** се работи извршени спротивно на прописите со кои се ослабува производната сила на шумското земјиште со што се доведува во опасност трајноста на шумското производство, одгледувањето на шумите на тоа земјиште или се загрозува опстанокот на шумата и нивните општокорисни функции (сеча во поголем обем која би значела копачење на шумите, пребирна сеча од појак интензитет, подбелување на стеблата, секоја активност која може да предизвика закоравување и измивање/ерозија на земјиштето);

27. **Реинтродукција** е повторно внесување на одреден растителен или животински вид во одредено подрачје;

28. **Санитарни сечи** со кои од шумата се отстрануваат оштетените, заболените, сувите стебла со цел за спречување на натамошно ширење на штетното влијание;

29. **Стопанисување со шумите** е планирање, организација, раководење и контрола на сите дејности во шумарството (одгледување, заштита и користење);

30. **Стручно советодавни работи** се давање на стручни совети, давање на упатства и други стручни и образовни услуги од страна на шумарските стручњаци на сопствениците на шумите;

31. **Стручни работи во областа на шумарството** се работи поврзани со извршување на ознаката за сеча и планирање на шумите, заштита и одржување на шумите и биодиверзитетот во шумите, одгледување на шумите, користење на шумите, изградба на шумски комуникации и советувања на сопствениците на шумите;

32. **Управување со шумите** е стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, мониторинг и надзор во шумарството;

33. **Чиста сеча** означува отстранување на сите или скоро на сите дрвја на површината чие растојание на рабовите меѓу останатиот насад е поголем од две висини на средно стебло од насадот;

34. **Шумарство** е наука, вештина и практика на одржливо стопанисување со шуми и други природни ресурси кои се наоѓат во шума и на шумско земјиште;

35. **Шумска инфраструктура** се објекти во шума, шумски патишта, патеки за привлекување, други дотурни патишта и друга инфраструктура која е наменета за стопанисување со шумите;

36. **Шумска ливада** е шумско земјиште коешто е обраснато со тревна и зелјаста вегетација и првенствено се користи за косење и производство на семе и исхрана на дивеч;

37. **Шумски отпад/отпад после сеча** се делови од стеблото кои остануваат во шумата по сеча како неупотребени за натамошно производство, освен деловите на стеблата и гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат шумски отпад;

38. **Шумски патишта** се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите;

39. **Шумски влеќи/патишта** за привлекување е секундарна патна мрежа наменета за привлекување на дрвните сортименти при користењето на шумите;

40. **Шумски ред е** состојба во шумата која обезбедува услови за нејзино одржување, обновување и унапредување на шумите, посебно за заштита од пожари, растителни болести и штетници, заштита на земјиштето под шума од настанување и развивање на ерозивни процеси поради сеча или отстранување на дрвата од шума и заштита на подмладокот;

41. **Шумски производи** се сите производи во шума и на шумско земјиште, вклучувајќи и шумски дрвја и грмушки и сите нивни делови, биомаса на целата шумска вегетација, цветови, семе, плодови, кора, корења, мов, папрат, треви, трска, цвеќе, лековити-ароматични и јадливи растенија, други растенија и нивните делови, печурки, мед, смола, листинец, трева и сено, дивеч и другите животни кои живеат во шума, тресет и хумус;

42. **Шумски жиг-означувач** е печат за означување на стебла за сеча и посечена дрвна маса - дрвни сортименти;

43. **Шумски сортименти** се видови дрвни производи во шума (огревно дрво, целулозно дрво, ситно техничко дрво и техничко дрво);

44. **Шумскостопанска единица** е дел од шумска област која по правило ја сочинува просторната целина од шума и шумско земјиште, а опфаќа цел шумски комплекс или само еден негов дел и

45. **Шумско земјиште** е земјиште на кое има шума или кое поради своите природни својства е најповолно за одгледување на шума, како и земјиште на кое се наоѓаат објекти наменети за стопанисување со шумите.

## II. ОДРЖЛИВО СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

### Забрани

Член 13

(1) За да се оствари одржливото стопанисување со шумите забрането е:

- пустошење и копачење на шуми,
- трајна пренамена на шумско земјиште,
- чиста сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските документи,
- секоја сеча која не е во согласност со планските документи,
- активности во заштитените подрачја кои не се во согласност со планските документи за заштитените подрачја,
- сеча на ретки и заштитени видови на дрвја,
- подбелување на стебла освен за потребите за обнова и нега на шума,
- напасување, брстење на кози и друга стока и желадење без дозвола,
- собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции,
- самоволно присвојување на шума, уништување или оштетување на ознаки и гранични знаци,
- депонирање на отпад, отровни супстанции и друг вид на материјал во шума,
- други работи кои го намалуваат приносот на шумите и ја загрозуваат нивната функција,
- сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со овој закон,
- палење и опожарување на шума,
- бесправна сеча на шума,
- лупење кора од стебла,
- уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта,
- спроведување на активности со кои се интензивираат процесите на ерозија и други процеси на деградација на земјиштето,
- кастрење на стебла за лисничарење спротивно на планските документи,
- намерно отстранување и намалување на популациите на другите шумски производи или нивно уништување на кој било начин и
- смоларење.

(2) Без дозвола на сопственикот, односно корисникот на шуми, забрането е:

- подигнување на привремени објекти, шатори и организирање на кампови,
- организација на масовни собири кои можат да предизвикаат штета на шумите,
- поставување на кошници за пчели,
- собирање на други шумски производи (печурки, плодови, лековити растенија, полжави и друго) во количини поголеми од 1 килограм,
- поставување на информативни табли и ознаки,
- поставување на огради,
- движење на моторни возила надвор од патиштата, освен за службени потреби,
- движење во затворени и забранети подрачја, патишта, опитни површини и деловни објекти и
- движење на површини на кои се изведуваат шумски работи и други деловни активности (пошумување, сеча, изградба на објекти, лов и друго).

### Копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште

Член 14

(1) По исклучок од одредбите на членот 13 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште може да се врши:

1) кога тоа е утврдено со посебните планови и програми за стопанисување со шумите;

2) заради спроведување на документите за просторно уредување кои ги донесува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата);

3) заради изградба на објекти за заштита на луѓе и материјални добра од елементарни непогоди и одбрана на земјата;

4) во постапка на комасација и арондација на шуми и шумско земјиште;

5) кога со закон е утврден јавен интерес за изградба на објекти кои според посебни прописи се градат надвор од градежното подрачје;

6) при зафаќање на шуми и шумско земјиште субјектите кои ги градат објектите од ставот (1) точка 5 на овој член се должни да прибават согласност за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството и

7) со шумата врз која е извршена промена на намената до извршувањето на планираната намена, стопанисува корисникот врз основа на овој закон.

(2) До започнување на вршење на планираните активности за изградба на објекти од јавен интерес согласно со ставот (1) точка 5 на овој член со шумите и шумското земјиште за кои е дадено согласност за трајна пренамена, стопанисува дотогашниот корисник на шумата и шумското земјиште.

**Надоместок за трајна пренамена**

Член 15

(1) За трајна пренамена на шуми и шумско земјиште се плаќа надоместок во висина на вредноста на утврдената штета согласно со членот 60 од овој закон.

(2) Не се плаќа надоместок за трајна пренамена на шума и шумско земјиште за изградба на објекти од јавен интерес кога инвеститор е Република Македонија.

**Право на служbenост на шумите и шумското земјиште**

Член 16

Во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост може да се стекне право на службеност при изградба на водоводи, канализации, гасоводи, електрични водови, експлоатација на минерални суровини, извршување на туристичка дејност, премин за одгледување на добиток, како и за премин за подигнување на повеќегодишни насади на необраснато шумско земјиште и земјиште обраснато со деградирана шума во приватна сопственост.

**Размена на шуми и шумско земјиште**

Член 17

(1) Заради окрупнување на комплексите, државна шума и шумско земјиште може да се размени за приватна шума и шумско земјиште.

(2) Државната шума и шумското земјиште се разменува доколку е издвоена од шумскиот комплекс и се наоѓа како енклава во приватни шуми и шумско земјиште или се граничи со повеќе страни со приватни шуми и шумско земјиште.

(3) Приватната шума и шумското земјиште се разменува доколку се наоѓа како енклава во државна шума и шумско земјиште или се граничи со повеќе страни со државна шума и шумско земјиште.

(4) Размената на шуми и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член може да се направи доколку се исполнети следниве услови:

- површините кои се предмет на размена се наоѓаат во иста катастарска општина и се со иста или приближно иста големина и
- шумата која е предмет на размена е со ист или приближно ист квалитет.

(5) Постапката за размени на шума и шумско земјиште ја спроведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по барање на заинтересирано лице или по службена должност.

(6) На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, одлуката за размени на шума и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член донесува Владата на Република Македонија по претходно мислење на Државното правобранителство на Република Македонија.

(7) Трошоците на постапката за размена шума и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член се на терет на предлагачот на размената.

(8) Договорот за размени на шума и шумско земјиште во име на Република Македонија го потпишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Уредување на начин и надоместок на копачење на шумите**

Член 18

(1) За копачење на шумите на корисникот му се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е извршено копачењето, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

(2) За копачење на шуми и шумско земјиште се плаќа надоместок во висина на вредноста на утврдената штета согласно со членот 60 од овој закон.

**Заштита на загрозени и ретки видови на дрвја**

Член 19

(1) Забранета е сеча на стебла, уништување на подмладок, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја во шума настанати по природен пат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, по барање на корисникот или сопственикот на шумата, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја настанати по природен пат и нивна сеча може да се изврши во случаи кога заштитените, загрозените и ретките видови на шумски дрвја настанати по природен пат се суви или заболени, физиолошки зрели и постојат други причини поради кои им претстои непосредна опасност од сушење, заради изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон, по претходно одобрение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежна за работите од областа на заштита на животната средина и просторното планирање.

**Утврдување на општокорисните функции на шумите**

Член 20

Општокорисните функциите на шумите се утврдуваат со посебните планови за стопанисување со шумите.

**Приоритети за општокорисни функции на шумите**

Член 21

(1) Со шуми над кои се утврдени приоритети за општокорисните функции се стопанисува согласно со овој закон и други прописи.

(2) Плановите од членот 28 на овој закон, со кои се утврдени приоритетите за општокорисните функции за шумите, ги содржат мерките кои мора да се преземат за стопанисувањето со тие шуми.

(3) Во плановите и програмите со кои се опфатени шумите за кои се утврдени приоритети за општокорисните функции се вршат соодветни измени и дополнувања во согласност со членот 34 од овој закон и се на терет на предлагачот.

(4) Средствата за спроведување на мерките од ставовите (2) и (3) на овој член и надоместокот, доколку со тие мерки се ограничува правото на користење на шумите и се зголемуваат трошоците за стопанисување, ги обезбедува лицето по чие барање се утврдени приоритетите за општокорисни функции на шумите.

(5) Со шумата за која се утврдени приоритетите за општокорисни функции стопанисува корисникот, односно сопственикот кој стопанисувал со таа шума до утврдување на приоритетните функции.

(6) Доколку не се обезбедат средства од ставот (4) на овој член корисникот, односно сопственикот на шумата не е должен да ги спроведува мерките утврдени со членот 34 од овој закон.

**Обврски за санирање на обесшумени површини**

Член 22

(1) Сопствениците и корисниците на шуми се должни да извршат пошумување на пожаришта, површини на кои не успеале природната обнова и пошумувањето, како и на површини на кои е извршено пустошење - бесправна чиста сеча, копачење на шуми или бесправна сеча на ретки видови дрвја, во рок кој не може да биде подолг од две години, сметано од денот на настанување на обесшумувањето.

(2) Доколку сопствениците и корисниците од ставот (1) на овој член не се во можност да ги спроведат мерките од ставот (1) на овој член, овие мерки ќе ги спроведе органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството или правното лице кое тој ќе го овласти на терет на сопственикот и корисникот на шумата.

III. ПЛАНИРАЊЕ

**Стратегија за одржлив развој на шумарството**

Член 23

(1) Националната шумарска политика во Република Македонија се остварува преку Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија.

(2) Стратегијата за одржлив развој на шумарството е плански документ што го уредува проширувањето на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно со Просторниот план на Република Македонија, мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството, зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области, зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни функции и социјални функции и зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.

(3) Стратегијата за одржлив развој на шумарството ја донесува Владата за период од 20 години.

**Општ план за стопанисување со шумите во Република Македонија**

Член 24

(1) Поделбата/разграничувањето на шумите по намена, производни и заштитни, се утврдува врз основа на општиот план.

(2) Во општиот планот за стопанисување со шумите во Република Македонија се прикажува и анализира состојбата на шумскиот фонд (шумите), се одредуваат функциите на шумите, се одредува намената на шумите, се дефинира функционалната, просторната и еколошката целина, главните цели на развојот, целите и мерките за унапредување на шумите, одржување и унапредување на општокорисните функции на шумите и заштитата на шумите, одредување на методите/начините на стопанисување со шумите, како и одгледувачките и уредувачките мерки.

(3) Со општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија особено се утврдуваат природните услови и можности за опстанок, обнова и развој на шумите, состојбите на шумите по вид, очуваност, дрвна маса, прираст, отвореност, загрозеност од негативни влијанија, општите насоки и цели на идното стопанисување и мерките за одгледување, заштита, развој, унапредување и проширување на шумскиот фонд во Република Македонија.

(4) Општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија има важност од 20 години и го донесува Собранието на Република Македонија.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го изготвува општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија и го доставува до Владата на усвојување, а Владата го доставува до Собранието на Република Македонија за донесување.

(6) Општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија се изработува во две фази и тоа нацрт и предлог.

(7) Владата донесува одлука за ставање на нацртот на општиот план за стопанисување со шумите на јавен увид, која се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(8) Нацртот на општиот план за стопанисување со шумите се става на јавен увид најмалку 60 дена од денот на објавувањето на одлуката од ставот (7) на овој член.

(9) Стручната расправа по нацртот на општиот план за стопанисување со шумите ја организира органот надлежен за работите од областа на шумарството.

(10) Врз основа на мислењата дадени од стручната расправа по нацртот на општиот план за стопанисување со шумите се изготвува предлог на општиот план кој се доставува на усвојување до Владата на Република Македонија.

(11) Средствата за изработка и рецензија на општиот план за стопанисување со шумите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(12) Општиот план за стопанисување со шумите може да се изменува и дополнува во текот на неговата примена врз основа на научно-истражувачките сознанија, изменети природни услови и потреби и други поводи за унапредување на општиот план.

(13) Изменувањето и дополнувањето на општиот план за стопанисување со шумите, согласно со ставот (12) од овој член, го врши Собранието на Република Македонија на предлог на Владата.

**Национална инвентаризација**

Член 25

(1) За квалитетно планирање во шумарството ќе се спроведе национална инвентаризација на шумските ресурси со која ќе се собираат податоци за состојбата на шумите, за потребите на шумарската политика и шумарската оператива, екологијата, ловството, заштитата на околината, заштитата на природата, дрвопреработувачката индустрија, како и за потребите на државните и меѓународните организации.

(2) Содржината и начинот на спроведување на национална инвентаризација на шумските ресурси ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Национален совет**

Член 26

(1) Заради следење на одрживо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кои трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, се основа Национален совет за шумарство (во натамошниот текст: Советот) како советодавно тело на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Советот е составен од претседател и десет члена кои ги именува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по функција е претседател на Советот.

(4) Во Советот се именуваат членови согласно со следнава структура:

1) еден претставник од Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

2) еден претставник од Државниот инспекторат за шумарство и ловство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

3) еден претставник од субјектот кој стопанисува со државните шуми - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

4) еден претставник од истакнати стручни и научни работници од областа на шумарството;

5) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата;

6) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на законодавството;

7) еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;

8) еден претставник од сопственици на приватни шуми;

9) еден претставник од Министерството за одбрана и

10) еден претставник од Дирекцијата за заштита и спасување.

(5) Членовите на Советот се именуваат за период од четири години и можат повторно да бидат именувани.

(6) Начинот на своето работење Советот го уредува со деловник.

(7) Средствата за вршење на работите на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Шумскостопанска единица**

Член 27

(1) Шумскостопанска единица претставува основна единици за планирање.

(2) Шумскостопанска единица е природна и стопанска целина утврдена според орографските и хидрографските карактеристики, сообраќајниците и други природни и економски услови за управување и стопанисување со шумите и шумската инфраструктура.

(3) Шумскостопанската единица е составена од оддели и пododдели.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци од ставот (2) на овој член ќе ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање.

(4) Начинот на собирање на податоците, водењето на регистарот на шумските пожари и условите за користење на податоците ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

## VII. ЧУВАЊЕ НА ШУМИТЕ

### Шумска полиција

Член 81

(1) Чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост го врши шумска полиција.

(2) Средствата за финансирање на шумската полиција се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

### Овластувања во шумската полиција

Член 82

(1) Припадниците на шумската полиција особено се овластени да:

- ја чуваат шумата,
- интервенираат,
- ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела,
- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи,
- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело и
- ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и да ги известуваат надлежните органи за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште, а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

(2) Превозот на одземените предмети и средствата од ставот (1) алинеја 5 на овој член, ако за тоа е потребно, се врши со превозно средство на корисниците на шумата.

(3) На контрола на шумската полиција подлежат сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните кои се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.

(4) Правилата за вршење на работите на шумската полиција ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

**Услови за работа**

Член 83

За вршење на работите од шумската полиција може да биде вработено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција;

2) да има најмалку средно образование и

3) да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје.

**Употреба на оружје**

Член 84

(1) При вршење на работите од членот 82 на овој закон припадниците на шумската полиција можат да употребат огнено оружје во следниве случаи:

1) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело со кое се нанесува штета на шумата, ако постојат основани сомненија дека ќе употреби огнено или друг вид на оружје и

2) да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член припадниците на шумската полиција ќе употребат огнено оружје само ако со употребата на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат службената работа.

**Одговорност**

Член 85

Ако средствата за присилба и огненото оружје се употребени во границите на овластувањата, исклучена е одговорноста на припадникот на шумската полиција кој го употребил средството или огненото оружје.

**Униформа и оружје**

Член 86

(1) Припадниците на шумската полиција носат униформа и се вооружени.

(2) Униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

VIII. СУБЈЕКТИ КОИ СТОПАНИСУВААТ СО ШУМИТЕ

**Субјекти кои стопанисуваат со државните шуми**

Член 87

(1) Стопанисување со шумите кои имаат стопански и заштитен карактер во државна сопственост го врши Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми".

(2) Стопанисувањето и управувањето со шумите и шумското земјиште во заштитените подрачја го вршат субјекти утврдени со актот за прогласување, а во согласност со овој закон и Законот за заштита на природата.

**Услови за стопанисување со шумите во државна сопственост**

Член 88

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост мора да исполнуваат услови за кадровска, техничка и финансиска оспособеност, така за да се обезбеди стручно и трајно извршување на работите и мерките на одгледување, заштита и чување на шумите, заштита на биодиверзитетот во шумските екосистеми, како и работи за користење на шумите, односно изработка и одржување на шумски сообраќајници и други објекти кои се во функција на стопанисување со шумите.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост без разлика на нивната намена и начин на управување се должни да стопанисуваат со шумите под услови и на начин утврдени со овој и друг закон.

(3) Условите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Начин на користење на шумите во државна сопственост**

Член 89

(1) Шумите во државна сопственост не се предмет на продажба и пренамена.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член е дозволена пренамена, доколку се работи за изградба на објекти од јавен интерес.

(3) Правниот субјект кој е корисник на објектот од јавен интерес плаќа надоместок на корисникот на шумата во државна сопственост.

(4) Шумите во државна сопственост не можат да се даваат под закуп.

**Обврски при стопанисување со шумите во државна сопственост заради остварување на јавниот интерес**

Член 90

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост се должни да ги вршат особено следниве работи:

- заштита на шумите од биотски и абиотски фактори,
- чување на шумите и дивечот,
- изработка и спроведување на плански документи,
- обезбедување на шумски репродуктивен материјал,
- одгледување на шуми,
- користење на шуми,
- проектирање, изработка и одржување на шумски сообраќајници и други објекти кои се во функција на стопанисување со шумите,
- унапредување на општокорисните функции на шумите,
- стручен надзор над извршување на работите на заштита на шумите, одгледување на шумите и користење на државните шуми,

- водење на евиденција за државните шуми,
- обезбедување на средства за одржлив развој и заштита на шумите,
- обезбедување на економската и социјалната функција на шумата, обезбедувајќи трајни приноси од дрво и други производи и функции на шумите,
- зголемување на учеството на високостеблените шуми во вкупниот шумски фонд,
- зголемување на површината под интензивни насади со цел за зголемување на производството на дрво,
- преведување на деградирани шуми во високостеблени шуми доколку природните/еколошките услови тоа го дозволуваат,
- обезбедување природен начин на обновување на шумите, доколку природните/еколошките услови тоа го дозволуваат и
- други работи утврдени со овој закон и други прописи.

(2) Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост се должни во процесот на стопанисување со шумите да ја зачува и зголеми вредноста на државните шуми и при користењето на шумите и шумското земјиште и другите потенцијали на шумата и севкупниот простор и содржина во рамките на државните шуми да обезбеди услови за одржлив развој и остварување на општокорисни финкции на шумите и да оствари најдобар економски ефект во согласност со овој закон и други прописи.

(3) Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост одговараат со целиот свој имот за штетите предизвикани заради неизвршување на обврските од ставот (1) на овој член.

**Стекнување добивка**

Член 91

Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост можат да остварат добивка преку:
- производство и продажба на шумски сортименти,
- собирање, производство и продажба на шумски плодови, печурки и лековити растенија (недрвни шумски производи), полжави и желки,
- експлоатација на камен, песок, чакал, хумус и друго и
- други дејности предвидени со овој закон и други прописи.

**Стопанисување со приватни шуми**

Член 92

(1) Активностите за стопанисување на приватните шуми ги вршат сопствениците на приватните шуми, здруженија на сопственици на приватни шуми, правни и физички лица кои имаат лиценца да ги вршат шумските и стручните работи согласно со овој закон.

(2) Работите кои се однесуваат на заштита и користење на шумите го вршат сопствениците.

(3) Стручни и советодавни работи во приватните шуми можат да ги вршат регистрирани правни и физички лица согласно со овој закон.

(4) Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост.

(5) Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Спроведувањето на донесените посебни планови за стопанисување или програми, го вршат сопствениците, со ангажирање на лиценцирано правно и физичко лице.

(7) Начинот и условите за извршување на стручно техничките и советодавните работи во шумите ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Здружение на сопственици на приватни шуми**

Член 93

(1) Сопствениците на приватните шуми можат да се здружуваат во здружение на сопственици на приватни шуми.

(2) Здруженијата на сопственици на приватни шуми можат да ги извршуваат следниве активности:

1) ги информира своите членови за програмите, процедурите и можностите за поддршка на шумарството во приватниот сектор и руралниот развој;

2) извршување на стручно- технички работи во приватните шуми;

3) застапување на интересите на членовите на здружението и

4) други активности поврзани со шумите.

## IX. РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ

**Проста репродукција**

Член 94

(1) Под проста репродукција на шумите, во смисла на овој закон, се подразбира одгледување, заштита на постојните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите.

(2) Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член што ги издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, се водат на посебна сметка во субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

(4) Средствата за проектирање и изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите можат да изнесуваат до 40 % од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите.

**Проширена репродукција на шуми**

Член 95

(1) Проширена репродукција на шуми опфаќа:

- подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта,
- мелиорација на деградирани шуми и шикари,
- нега на шумски култури,
- превентивна заштита на шумите и шумските култури,
- сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари,
- обезбедување на семе и на шумски саден материјал,
- изградба на инфраструктурни објекти во шума и
- техничко опремување за спроведување на проширената репродукција на шумите.

(2) Корисници на средствата на проширената репродукција на шумите се субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост и сопствениците на шуми во приватна сопственост сразмерно на уплатените средства.

(3) За работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат:

- субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат,
- сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат,
- правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и
- Буџетот на Република Македонија.

(4) Средствата од ставот (3) алинеи 1, 2 и 3 на овој член се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Користење на средствата од проширената репродукција**

Член 96

Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна програма што ја донесува Владата особено за:

- пошумување на голини и ерозивни земјишта,
- мелиорација на деградирани шуми и шикари,
- отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова,
- нега на шумски култури и на пренаменети природно пошумени површини,
- превентивна заштита на шумите и шумските култури,
- сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури и на површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари и
- обезбедување на шумско семе и саден материјал.

## X. ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ВО ШУМАРСТВОТО

**Лиценци за извршување на стручни работи во шумарството**

Член 97

(1) Стручните работи во шумарството можат да ги вршат правни и физички лица кои поседуваат лиценца за изведувачи на стручните работи од областа на шумарството.

(2) Правното лице за да поседува лиценца за изведувач на стручните работи од областа на шумарството треба да е регистрирано во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија за вршење на работи од областа на шумарството.

(3) Физичко лице за да поседува лиценца за изведувач на стручните работи од областа на шумарството треба да е со високо образование од шумарска насока и со најмалку две години работно искуство во областа на шумарството.

(4) За добивање на лиценцата од ставот (1) на овој член субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член поднесуваат барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) За добивање на лиценцата од ставот (1) на овој член субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член плаќаат соодветен надоместок.

(6) Висината на надоместокот од ставот (5) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството врз основа на реално направените трошоци за нејзиното издавање.

(7) Лиценцата од ставот (1) на овој член се издава за време од пет години со можност за нејзино продолжување.

(8) За издадените лиценци органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води регистар.

(9) Лиценцата од ставот (1) на овој член не се пренесува.

(10) Лиценцата од ставот (1) на овој член се одзема доколку лицето кое ја поседува лиценцата за изведувач на стручните работи од областа на шумарството ќе престане да ги исполнува условите од ставовите (2) и (3) на овој член и доколку му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или професија.

(11) Лицата на кои им е одземена лиценцата за изведувачи на стручните работи од областа на шумарството можат да поднесат барање за издавање на нова лиценца, доколку ќе ги исполнат условите од ставовите (2) и (3) на овој член, односно по истекот на прекршочната санкција забрана за вршење на дејност или професија.

(12) Начинот за издавање на лиценцата од ставот (1) на овој член, формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член, формата и содржината на образецот на лиценцата, формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот (8) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

## XI. НАДЗОР

**Вршење надзор**

Член 98

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Работите на инспекцискиот надзор ги вршат државни инспектори за шумарство.

(3) Надзор и контрола на прометот - продажбата на дрвото, како и на другите шумски производи врши државниот пазарен инспекторат.

**Државен инспектор**

Член 99

(1) Државен инспектор за шумарство може да биде лице со високо образование од шумарска насока и најмалку пет години работно искуство во областа на шумарството.

(2) Државниот инспектор за шумарство има легитимација.

(3) Формата, содржината и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата на државниот инспектор за шумарство ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Овластувања на државен инспектор**

Член 100

(1) Во вршењето на работите државниот инспектор за шумарство е овластен да:

1) врши контрола на работите на одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, објектите, уредите и направите, како и сите места каде што дрвото се сече, изнесува од шума, пренесува, превезува, сместува, преработува или се пушта во промет, како и средствата со кои дрвото се превезува или пренесува;

2) врши контрола на спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите, програмите и критериумите, да ги прегледува деловните книги и други документи;

3) запре привремено сеча на шума, копачење, напасување на добиток, како и други дејствија што не се во согласност со одредбите на овој закон и со прописите донесени врз основа на него, до извршувањето на мерките наредени со решение, односно до конечна одлука на надлежниот орган;

4) бара податоци, информации и известувања за извршените работи на репродукција, користење, одгледување и заштита на шуми, како и други податоци за утврдување дали стопанисувањето со шумите се врши во согласност со овој закон и прописите донесени врз негова основа;

5) ги известува надлежните органи, органите на управување на јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми со посебна намена за констатираните неправилности, да бара нивна интервенција, ако самиот не е овластен да постапи непосредно;

6) бара анализа од соодветни научни и други институции заради утврдување на фактичката состојба;

7) нареди привремени мерки за спречување на штетата во итни случаи, во кои би настанала штета по јавниот интерес и

8) презема и други мерки и дејствија за што е овластен со посебни прописи.

(2) За мерките од ставот (1) на овој член шумарскиот инспектор донесува решение.

(3) Субјектите што стопанисуваат со шумите, другите правни лица и граѓаните, чија работа подлежи на надзор на државни инспектори за шумарство и ловство се должни да го овозможат вршењето на надзорот и да им ги дадат потребните податоци.

(4) Субјектите на кои се однесува решението од ставот (2) на овој член се должни да постапат по истото во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(5) Жалбата против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Жалбата од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се отстранат.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Прекршоци за правно лице**

Член 101

(1) Глоба во износ од 25.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:

1) врши активности спротивно на предвидувањата со членот 13 став (1) од овој закон;

2) не го заврши копачењето кое е одобрено на површината за друга намена во рок од две години од започнувањето со копачењето (член14 став (1));

3) врши или овозможи копачење или чиста сеча спротивно од одредбите на членот 14 став (1) точки 1 и 6 од овој закон;

4) не ги изврши обвските во определиот временски период согласно со членот 22 став (1) од овој закон;

5) одгледувањето на шумите (биолошка обнова) не ги врши според посебните планови (членови 29 став (1), 43 и 50);

6) врши користење на шума за која не е донесен посебен план, односно програма (членови 29 и 30);

7) во законскиот рок не донесе посебен план за секоја шумскостопанска единица (член 29 став (2));

8) не донесе посебен план за стопанисување со шумите со посебна намена (член 29 став (5));

9) со шумите и шумското земјиште стопанисува спротивно од одобрените посебни планови и програми за стопанисување (членови 29 став (1) и 30 став (1));

10) не донесе програма за стопанисување со шумите согласно со членот 30 став (1) од овој закон;

11) веднаш не престане со спроведување на мерките од посебниот план или програмите и не изврши изменување и дополнување (член 34);

12) не ги поднесе на одобрување посебните планови и програми во определениот рок согласно со членот 35 став (1) од овој закон;

13) извршува работи спротивно на прописите од членот 35 став (5) на овој закон;

14) не обезбеди чување на плановите согласно со членот 36 ставови (2) и (4) од овој закон;

15) во шума и на шумско земјиште гради или овозможи градење на објекти спротивно од одредбите на членот 46 став (1) од овој закон;

16) врши сеча на шума без претходна ознака за сеча (член 62 став (1));

17) ознаката за стеблимична сеча и за површинска сеча дозволи да се врши спротивно на одредбите од членот 63 ставови (1) и (2) на овој закон;

18) не постапи согласно со одредбите од членот 64 став (1) на овој закон;

19) изврши пречекорување на сечивиот етат (член 65 став (2));

20) не го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за издадените одобренија за сеча од членот 67 став (2) на овој закон;

21) издаде одобрение за сеча спротивно на одредбите од членот 68 на овој закон;

22) врши откуп и преработка на дрво спротивно на одредбите од членот 70 на овој закон;

23) не издвои и не ги води на посебна сметка средствата за проста репродукција согласно со членот 94 став (2) од овој закон;

24) изведува стручни работи спротивно на одредбите од членот 97 ставови (1) и (2) на овој закон и

25) не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на инспекторот по шумарство согласно со членот 100 од овој закон.

(2) За прекршоците од овој член ќе се изрече глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во износ од 8.000 до 12.000 евра во денарска противвредност.

(4) Покрај изречената глоба во износ од 8.000 до 12.000 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече посебна прекршочна санкција забрана за вршење на одговорни должности во траење од две до пет години.

Член 102

(1) Глоба во износ од 15.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице, доколку:

1) не плати надоместок за извршеното копачење согласно со членот 18 од овој закон;

2) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение (член 19 став (1));

3) не донесе годишен план за стопанисување со шумите согласно со членот 31 од овој закон;

4) не донесе изведбен план согласно со одредбите од членот 32 на овој закон;

5) не ги евидентира извршените работи согласно со членот 39 став (1) од овој закон;

6) не извршува одгледувачки работи согласно со членот 43 од овој закон;

7) не ги извршува работите согласно со членот 44 од овој закон;

8) не ги изврши работите согласно со членот 45 од овој закон;

9) не ги изврши работите за заштита на шумите согласно со членот 48 ставови (1) и (3) од овој закон;

10) не ги спроведе мерките за заштита согласно со членот 50 од овој закон;

11) врши уништување на белези и знаци во шума и сече стебла на кои се поставени знаци (член 51);

12) дозволи напасување и желадење во шума надвор од определените места (член 52 ставови (1) и (4));

13) пали отворен оган во шума и шумско земјиште спротивно на членот 54 став (1) од овој закон;

14) дозволи подигнување на варници и жежници за дрвен јаглен и слични објекти спротивно на членот 55 став (1) од овој закон;

15) не преземе посебни мерки за заштита на шумите од пожари согласно со членот 56 став (1) од овој закон;

16) работите кои ги изведува се спротивни на одредбите од членот 58 ставови (1) и (2) на овој закон и не воведат шумски ред;

17) ги загадува шумите со депонирање на отпаден материјал и не ги спречи дејствијата со кои се врши загадување согласно со членот 59 ставови (1) и (4) од овој закон;

18) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови и програми (член 62 став (5));

19) не изврши ознака за стеблимична сеча спротивно на членот 62 став (6) од овој закон;

20) не изврши ознака согласно со одредбите од членот 64 став (2) на овој закон;

21) дозволи на физичко лице вршење на сеча во државна шума спротивно на членот 66 став (1) од овој закон;

22) врши жигосување и издава испратница спротивно на одредбите од членот 69 на овој закон;

23) врши извоз спротивно на одредбите од членот 71 став (1) на овој закон;

24) собира, користи или дозволи собирање спротивно на членот 72 од овој закон;

25) гради шумски патишта без проектна документација (член 74 став (4));

26) не води евиденција и не достави податоци во определениот рок (член 80 став (2)) и

27) не издвои и не уплати средства за проширена репродукција согласно со членот 95 ставови (3) и (4) од овој закон.

(2) За прекршок од ставот (1) точки од 1 до 27 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност.

(4) Покрај изречената глоба во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече посебна прекршочна санкција забрана за вршење на одговорни должности во траење од две до пет години.

Член 103

(1) Глоба во износ од 12.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице, доколку:

1) врши сеча спротивно на членот 42 став (1) од овој закон;

2) не презема мерки согласно со членот 47 став (2) од овој закон;

3) не определи делови од шума за премин на добиток согласно со членот 52 став (5) од овој закон;

4) ознаката ја врши спротивно на членот 62 став (7) од овој закон;

5) не води евиденција на исечената дрвна маса или дозволи да се издаде поголема дрвна маса за сеча (член 66 ставови (5) и (6));

6) претпријатијата што вршат промет со дрво на купувачот не му издадат соодветен документ (член 69 став (8));

7) не води евиденција за користење на другите шумски производи согласно со членот 72 став (4) од овој закон;

8) не ги одржува и не води евиденција на шумските патишта (член 75 став (2));

9) користи шумски патишта спротивно на условите предвидени во членот 75 став (3) од овој закон;

10) на сопственикот на земјиштето не му плати надоместок за користење на службеност во согласност со членот 76 став (2) од овој закон и

11) не води евиденција на површините (попис на шумското земјиште и настанатите промени) и не достави известување согласно со членот 77 ставови (1) и (2) од овој закон.

(2) За прекршокот од ставот (1) точки од 1 до 11 на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност.

(4) Покрај изречената глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече посебна прекршочна санкција забрана за вршење на одговорни должности во траење од две до пет години.

**Прекршоци за физичко лице**

Член 104

(1) Глоба во износ од 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) врши дејствија спротивно на членот 13 ставови (1) и (2) од овој закон;

2) врши копачење или чиста сеча спротивно од одредбите на членот 14 став (1) точка 6 од овој закон;

3) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение согласно со членот 19 став (2) од овој закон;

4) не ги изврши обвските во определиот временски период согласно со членот 22 став (1) од овој закон;

5) врши стопанисување со шумите спротивно на членот 29 ставови (7), (8) и (9) од овој закон;

6) гради објекти и изведува други работи во шума спротивно на членот 46 став (1) од овој закон;

7) врши сеча без ознака (член 62 став (1));

8) врши сеча во државна шума спротивно на одредбите од членот 66 ставови (1), (3) и (6) на овој закон;

9) врши сеча без одобрение спротивно на одредбите од членот 67 ставови (1), (3), (4), (5) и (7) на овој закон;

10) не го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за издадените одобренија за сеча од членот 67 став (2) на овој закон;

11) пренесува, превезува исечено дрво од место на сеча или од место до место, или складира дрво без да е жигосано или снабдено со испратница или друг документ (член 69);

12) врши откуп и преработка на дрво кое не е жигосано и снабдено со испратница спротивно на членот 70 од овој закон,

13) собира, односно користи без издадена согласност или спротивно на одредбите на поблискиот пропис од членот 72 ставови (3) и (7) на овој закон;

14) не му овозможи на припадникот на шумската полиција да ги извршува неговите овластувања согласно со членот 82 од овој закон;

15) не издвои и не уплати средства за проширена репродукција согласно со членот 95 ставови (3) и (4) од овој закон;

16) изведува стручни работи спротивно на одредбите од членот 97 ставови (1) и (2) на овој закон и

17) не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на инспекторот по шумарство согласно со членот 100 од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во износ од 5.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 16 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 105

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) не плати надоместок за извршеното копачење согласно со членот 18 од овој закон;

2) не донесува посебен план или програма согласно со членовите 29 ставови (7) и (8) и 30 од овој закон;

3) не изврши пошумување на површините предвидени со планот, односно програмите, го отстапи одобрението за сеча на друго лице (членови 29 и ставови (7) и (8) и 30 ставови (1) и (3));

4) изврши сеча на стебла спротивно од членот 42 став (1) на овој закон;

5) не презема мерки согласно со членовите 47 став (2) и 48 став (2) од овој закон;

6) врши напасување и желадење во шума без одобрение (член 52 ставови (1) и (4));

7) пали отворен оган во шума спротивно на членот 54 став (1) од овој закон;

8) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови и програми (член 62 став (5));

9) не изврши ознака за стеблимична сеча спротивно на членот 62 став (6) од овој закон;

10) изврши ознака спротивно на одредбите од членот 62 став (7) на овој закон;

11) продава или препродава исечено дрво кое потекнува од шума во државна сопственост за кое не поседува соодветна документација (член 66 став (1));

12) не дозволи премин, пренос или превоз, односно туѓи шумски производи на своето земјиште (член 76 став (1)) и

13) не постапат согласно со членот 77 став (2) од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе му се изрече глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 13 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 106

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 51);

2) подига варници и жежници спротивно од членот 55 став (1) на овој закон;

3) не презема посебни мерки за заштита на шуми од пожари (член 56 став (1));

4) се движи во шума за време на забрана без одобрение (член 57 став (3));

5) не спроведува и не одржува шумски ред (член 58 ставови (1) и (2));

6) загадува шуми со депонирање на отпаден материјал (член 59 ставови (1) и (4));

7) ознаката за стеблимична сеча и за површинска сеча ја врши или дозволи да се врши спротивно на одредбите од членот 63 ставови (1) и (2) на овој закон;

8) не носи со себе испратница при вршење на пренос односно превоз на дрво (член 69 став (9));

9) гради пат без проектна документација (член 74 став (4)) и

10) користи шумски патишта спротивно на условите предвидени во членот 75 став (3) од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 10 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

**Рок на застареност**

Член 107

Рокот на застареност на прекршочната постапка од членовите 101, 102, 103, 104, 105 и 106 на овој закон изнесува пет години.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Трансформација на Јавното претпријатие**

Член 108

Трансформацијата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми” ќе се изврши со посебен закон.

**Донесување на општ план**

Член 109

Општ план за развојот на шумарството во Република Македонија ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Постапување со неуредени државни шуми**

Член 110

До донесување на посебни планови и програми за неуредените шуми во државна сопственост, правните лица кои стопанисуваат со шумите се должни да ги извршуваат работите кои се однесуваат на одгледувањето и заштитата и да изготват планови и програми во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Постапување со неуредени приватни шуми**

Член 111

До донесување на посебни планови и програми за шумите во приватна сопственост ќе се стопанисува според постојните критериуми и изготвени евиденциски картони.

**Ознака и жигосување**

Член 112

До издавање на лиценци на лица за вршење на ознака за сеча и жигосување на посечено дрво, ознака за сеча и жигосување во државни и приватни шуми на посечено дрво ќе вршат правните лица кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост.

**Извршување на започнати постапки**

Член 113

Постапките започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број 47/97, 7/2000, 89/2004, 54/2007 и 103/2008).

**Донесување на подзаконски прописи**

Член 114

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Важност на законот за шумите**

Член 115

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број 47/97, 7/2000, 89/2004, 54/2007 и 103/2008).

**Влегување во сила**

Член 116

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

# LIGJ
# PËR PYJET

## I. DISPOZITA TË PERGJITHSHME

**Lenda e rregullimit**

Neni 1

(1) Me kete ligj rregullohen planifikimi, menaxhimi, ekonomizimi (kultivimi, mbrojtja dhe shfrytezimi: në tekstin e metutjeshem ekonomizimi me pyjet), ruajtja e pyjeve si pasuri natyrore dhe e tokes pyjore, realizimi i funksioneve me interes të pergjithshem të pyjeve, e drejta dhe obligimet e shfrytezimit të pyjeve, financimi, si dhe ceshtje tjera të rendesishme për pyjet dhe token pyjore, sipas principit të pranueshmerise biologjike, ekonomike, sociale dhe ekologjike.

(2) Dispozitat e ketij ligji zbatohen për të gjitha pyjet dhe token pyjore pa marre parasysh pronesine dhe qellimin.

**Pronesia**

Neni 2

Pyjet jane në pronesi shteterore dhe private.

**Interesi publik**

Neni 3

(1) Pyjet si pasuri natyrore jane e mire me interes të pergjithshem për Republiken e Maqedonise dhe gezojne mbrojtje të vecante.

(2) Planifikimi, menaxhimi, ekonomizimi dhe ruajtja e pyjeve dhe tokes pyjore, jane veprimtari me interes publik.

**Qellimet e Ligjit**

Neni 4

Qellime të ketij ligji jane, që:

- vazhdimisht të ruhet siperfaqja me pyje, të rritet vlera e tyre dhe të sigurohet rritja më e madhe sipas kushteve natyrore të vendit të rritjes dhe
- të sigurohet menaxhim, planifikim, ekonomizim dhe ruajtje e qendrueshme me pyjet dhe token pyjore, në menyre dhe mase me të cilen vazhdimisht mirembahet dhe perparohet aftesia e tyre prodhuese, llojllojshmeria biologjike, aftesia për perteritje dhe vitalitet në interes të zhvillimit të tashem dhe të ardhshem të funksioneve ekonomike, ekologjike dhe sociale të pyllit, me kete rast të mos crregullohet ekosistemi.

**Zbatimi subsidiar i ligjit**

Neni 5

Në procedurat e percaktuara me kete ligj, zbatohen dispozitat e Ligjit për procedure të pergjithshme administrative, nese me kete ligj nuk eshte rregulluar ndryshe.

**Pylli dhe toka pyjore**

Neni 6

(1) Pylli, sipas ketij ligji, paraqet ekosistem pyjor i cili ekziston në token pyjore të mbuluar me lloje të drureve pyjore dhe kacuba, vende të zhveshura në afersi të drejtperdrejte të pyjeve, si dhe vende të zhveshura dhe livadhe tjera në brendi të pyllit, fidanishte pyjore, rruge pyjore, plantacione farore, shtigje pyjore për zjarrfikes, breza erembrojtes në siperfaqe më të madhe se dy arë si dhe pyje në rajonet e mbrojtura. Pylli perbehet edhe prej fidaneve të reja dhe kulturave pyjore me siperfaqe më të madhe se dy arë, si dhe siperfaqe të cilat jane pjese perberese e pyllit, ndersa perkohesisht jane të pambuluara si rezultat i ndikimit të njeriut ose fatekeqesive natyrore, në të cilat ka filluar perteritja natyrore.

(2) Me pyll nuk nenkuptohen grupe të ndara të drureve dhe në siperfaqe më të vogel se dy arë, trungje sinori ndermjet tokes bujqesore, plantacione nga llojet e drureve që rritjen shpejt, si dhe vegjetimi bregujor jashte pyllit, shetitore dhe parqe në vendbanime.

**Ekonomizimi me pyjet**

Neni 7

Ekonomizimi me pyjet paraqet: kultivimin, mbrojtjen dhe shfrytezimin e pyjeve, permes perteritjes, perkujdesjes, mbrojtjes, rritjes së pyjeve të reja, shfrytezimin e pyjeve dhe tokes pyjore, si dhe aktivitete tjera për mirembajtjen dhe perparimin e funksioneve të pyjeve.

### Menaxhimi me pyjet

Neni 8

(1) Menaxhimi me pyjet perfshin planifikimin, organizimin dhe kryerjen strategjike të puneve drejtuese, profesionale dhe keshilluese për perkrahjen e subjekteve që ekonomizojne me pyjet, monitorimin dhe mbikeqyrjen.

(2) Me pyjet menaxhohet dhe ekonomizohet në menyre me të cilen perhere do të ruhet dhe rritet siperfaqaja e tyre, vlera, të mundesohet rritje më e madhe sipas kushteve natyrore dhe të ruhen dhe permiresohen funksionet e tyre prodhuese dhe me interes të pergjithshem.

### Funksionet e pyjeve

Neni 9

(1) Pyjet pa marre parasysh pronesine dhe qellimin, kane funksione prodhuese, mbrojtese dhe me dobi të pergjithshme.

(2) Funksionet prodhuese të pyjeve jane në aspekt të prodhimit të drureve dhe prodhimeve tjera pyjore.

(3) Funksionet mbrojtese të pyjeve realizohen posacerisht, nepermjet:

- mbrojtjes së tokes, rrugeve të komunikacionit dhe objekteve tjera nga erozioni, prurjet me rreke dhe vershimet, ndikimi i regjimit ujor dhe regjimi i prurjeve erozive,
- mbrojtjes së sistemeve dhe objekteve elektroenergjetike, të hidromelioracionit dhe të ujesjelljes,
- mbrojtjes së vendbanimeve dhe objekteve me interes publik dhe local, në pronesi shteterore dhe private,
- zgjerimit dhe fisnikerimit të zonave urbane.

(4) Funsionet me dobi të pergjithshme të pyjeve jane në aspekt të zhvillimit dhe perparimit të qendrueshem të mjedisit jetesor, dhe realizohen vecanerisht nepermjet:

- permiresimit të pjellorise dhe mbrojtjes së tokes nga ndotja,
- ndikimit pozitiv të klimes dhe ndryshimeve klimatike,
- lidhjes dhe shnderrimit të dioksidit të karbonit dhe monoksidit të karbonit në gjendje të ngurte,
- zvogelimi dhe pengimi i proceseve erozive,
- krijimit të oksigjenit dhe pastrimit të atmosferes,
- ruajtjes së vlerave natyrore dhe llojllojshmerise biologjike,
- krijimit të kushteve të pershtatshme për mjekim, sherim, pushim, sport dhe rekreacion,
- zhvillimit të turizmit dhe gjuetise,
- aktivitete mbrojtese,
- kontributit për zhvillim rural dhe zhvillim të bashkesive lokale dhe
- ndikimit në bukurine e peisazhit.

(5) Sipas funksioneve të pyjeve nga paragarafi (1) i ketij neni dhe masave të ekonomizimit, pyjet mund të jene pyje ekonomike, pyje mbrojtese, pyje me dedikim të posacem dhe pyje në rajone të mbrojtura.

### Llojet e pyjeve sipas dedikimit

Neni 10

(1) Pyjet ekonomike, në rend të pare shfrytezohen për prodhim të perhershem të asortimentevete të drureve dhe prodhimeve e sherbimeve tjera pyjore.

(2) Pyjet mbrojtese, në rend të pare shfrytezohen për mbrojtjen e tokes, ujit, vendbanimeve, sistemeve infrastrukturore e objekeve tjera dhe prones tjeter.

(3) Pyjet me dedikim të vecante, mund të percaktohen si: rezervate pyjore dhe të gjuetise, parqe pyjore, pyje perkujtimore, pyje për prodhimin e fares pyjore, vendverime dhe pyje për nevojat e shkences, mesimit dhe mbrojtjes.

(4) Rezervatet pyjore dhe të gjuetise, percaktohen për mbrojtjen dhe kultivimin e llojeve të rralla të drurjve pyjore, rritjen e kafsheve të egra dhe mbrojtjen e llojllojshmerise biologjike.

(5) Parqet pyjore dhe vendeverimet, pecaktohen për pushim, sport dhe rekreacion.

(6) Pyjet perkujtimore, percaktohen për shenimin e ngjarjeve të rendesishme historike.

(7) Pyjet për prodhimin e fares pyjore, percaktohen për prodhimin e materialit reproduktiv faror të pranuar dhe kualitativ.

(8) Pyjet për nevojat e shkences dhe mesimit, percaktohen për edukimin e personave profesionale nga sfera e pylltarise dhe për qellime shkencore-hulumtuese.

(9) Pyjet në rajonet e mbrojtura, shpallen në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e natyres.

### Menyra e percaktimit të pyjeve sipas dedikimit

Neni 11

(1) Pyjet për dedikim të posacem, i percakton Qeveria e Republikes së Maqedonise.

(2) Pyjet në rajonet e mbrojtura, shpallen në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e natyres.

(3) Percaktimi i pyllit me dedikim të posacem, kryhet me kerkese të subjekteve të interesuara në baze të dokumentacionit profesional-teknik për dedikimin, nevojes dhe arsyeshmerise për percaktimin e tij.

(4) Me aktin nga paragrafi (1) i ketij neni, percaktohen dedikimi, regjimi i kultivimit, mbrojtja e pyllit dhe personat juridike të cilet do ta kryejne kultivimin dhe mbrojtjen e pyllit me dedikim të vecante.

### Definicione

Neni 12

Nocionet e vecanta të perdorura në kete ligj, e kane kuptimin si vijon:

1. **Llojllojshmeri biologjike**, eshte teresia e organizmave të gjalle si pjese perberese e ekosistemeve, ndersa i perfshin llojllojshmerine brenda llojeve, ndermjet llojeve, si dhe llojllojshmerine e ekosistemeve. Komponentet e llojllojshmerise biologjike jane llojet e bimeve, kerpudhave dhe gjallesave me vendbanimet e tyre, materiali i tyre gjenetik dhe ekosistemet;

2. **Gjenofond**, eshte sasia e pergjithshme e materialit trashegues në popullimin e caktuar;

3. **Kufi i siperm (kendi-skaji) i pyllit**, eshte vija të cilen me projektimin vertikal e formojne kurorat e trungjeve të fundit, në brezin(zonen) e lartesise më të larte të pyllit;

4. **Pyll i degraduar**, eshte pylli i cili në mase të konsiderueshme e ka humbur kualitetin dhe aftesine për shtim, për shkak të ndikimeve të pavolitshme biotike, abiotike dhe faktoreve antropogjene;

5. **Kufi i poshtem (kendi-skaji) i pyllit**, eshte vija të cilen me projektimin vertikal e formojne kurorat e trungjeve të para, në brezin (zonen) e lartesise më të ulet të pyllit;

6. **Ekosistem**, eshte sistemi ekologjik i organizimit, i cili paraqet unitet kompleks, strukturor- funksional të natyres së gjalle dhe jo të gjalle;

7. **Enklave**, perkatesisht gjysemenklave eshte toka e rrethuar me truall të llojit tjeter të pronesise, ose truall që hyn më thelle në truallin e pronarit, perkatesisht të shfrytezuesit tjeter. Si enklave ose gjysemenklave, nuk do të konsiderohet trualli më i madh se 5 ha;

8. **Etat**, eshte sasia e planifikuar e mases së drunjve për shfrytezim, sipas planeve të posacme për ekonomizim me pyjet;

9. **Mbrojtje e pyjeve**, eshte sistemi i masave dhe aktiviteteve të cilat zbatohen me qellim që të sigurohet ekzistenca e pyllit, ruajtja e gjendjes shendetesore dhe vitalitetit të pyjeve, nga pervetesimi dhe shfrytezimi i padrejte, prerjet e padrejta, zjarret, semundjet e bimeve dhe demtuesit, kullotja e kafsheve, të ushqyerit me lende, mbledhja e padrejte e prodhimeve tjera pyjore dhe demtime të tjera;

10. **Menaxhim i integruar**, eshte menaxhimi me hapesiren dhe resurset natyrore (pyjet, ujin, lendet e para minerale, kafshet e egra, turizmin, prodhimet tjera pyjore etj.) nga ana e një subjekti;

11. **Shkulja e pyjeve**, eshte eliminimi i tere vegjetimit pyjor për ridedikimin e tokes pyjore;

12. **Shfrytezues të pyjeve**, jane personat juridike perkatesisht nderrmarrjet publike dhe/ose subjektet ekonomike, të cilat me kete ligj ose tjeter ligj e kane fituar të drejten e shfrytezimit të pyjeve shteterore;

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И НА ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ДАНОЧЕН КОНТРОЛОР**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен контролор.

Член 2

(1) Образецот на службената легитимација на даночен контролор се печати на бездрвна хартија со сиво-црвена боја, со димензии 6х9 см, заштитен со пластична фолија.

(2) На предната страна образецот на службената легитимација на даночен контролор содржи натпис: Република Македонија, Министерство за финансии, УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН КОНТРОЛОР. Логото на Управата за јавни приходи е содржано во горниот лев агол, а во горниот десен агол е содржан сериски број. Во средината, има место за фотографија со димензии 2,5х3 см, а под неа се впишуваат податоците за: името и презимето на даночниот контролор со своерачен потпис, регистарски број на легитимацијата, датум на издавање, потпис на директорот на Управата за јавни приходи и место за печат.

(3) Задната страна на образецот ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот контролор, согласно Законот за управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка, низ кој е втиснато логото на Управата за јавни приходи.

(4) Образецот на службената легитимација на даночен контролор е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација на даночен контролор ја издава директорот на Управата за јавни приходи.

Член 4

Службената легитимација на даночен контролор се одзема во следните случаи:

- при суспендирање на даночниот контролор, се додека трае причината за суспендирањето,
- при престанок на службеното својство на даночен контролор и
- при престанок на работниот однос на даночниот контролор.

Член 5

(1) Во случај на губење на службената легитимација, даночниот контролор ја известува Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје и ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

(2) Во случаите од став (1) на овој член на даночниот контролор му се издава нова службена легитимација.

Член 6

Службената легитимација на даночен контролор се заменува со нова кога заради оштетување ќе стане неупотреблива.

Член 7

Службените легитимации на даночен контролор кои се одземени во случаите од член 4 алинеи 2 и 3 на овој правилник и заменетите службени легитимации на даночен контролор се поништуваат.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-11887/10
11 мај 2009 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.






## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**1089.**

Врз основа на член 103 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.103/08), министерот за образование и наука донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивното водење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/09) во член 3 во ставот 3 броевите: “42 см х 29,7 см“ се заменуваат со броевите: „30 см х 35 см“.

Член 2

Во член 18 запирката се заменува со точка, а зборовите: „а ќе се применува од 1 септември 2009 година“ се бришат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.10-598/2
21 мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски**, с.р.

---

**1090.**

Врз основа на член 77 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08) и член 21 став 2 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија” бр.71/06 и 117/08), министерот за образование и наука донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/09) во членот 20 запирката се заменува со точка, а зборовите: „а ќе се применува од 1 септември 2009 година“ се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.11-599/2
21 мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1091.**

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05 и 82/08) министерот за транспорт и врски донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК И ГРАДЕЖНА КНИГА

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на градежниот дневник и градежната книга.

Член 2

(1) Градежниот дневник се води во форма на книга, форамат А4 со тврди корици, кој содржи насловна страница и меѓусебно поврзани внатрешни страници, во кои се внесуваат следните податоци:

1. На насловната страница: број на книга, назив на градбата, адреса на градбата, број на одобрението за градење, назив „Градежен дневник“, име, односно назив на инвеститорот, назив на правното лице - проектант со број на лиценца и име и презиме со број на овластување на одговорниот проектант, назив на правното лице - изведувач со број на лиценца и име и презиме, име и презиме на главниот инженер на изведувачот, назив на правното лице за вршење на надзор со број на лиценца, име и презиме на надзорниот инженер со број на овластување, датум на почеток на изградбата и датум на завршување на изградбата. Датумот на почетокот на изградбата се внесува во првиот градежен дневник, а датумот на завршувањето на градбата се запишува во последниот градежен дневник, додека во сите останати градежни дневници се запишува периодот на изградба помеѓу првиот и последниот градежен дневник.

2. На внатрешната страница: назив „Градежен дневник“, број на книга, назив на изведувачот, назив на инвеститорот, број на страна, датум на запишување на изведените работи, работно време и број на смени, состојба на струјомерот, состојба на водомерот и минимална и максимална дневна температура, податоци за стручната и техничка ангажираност, вкупен број на работници по квалификации, број на ангажирани градежни машини, записи на изведувачот во текст и скица за видот, количината, начинот на изведените работи, нивната диспозиција, податоци за количините, квалитетот на примени и вградени градежни материјали, сите промени настанати во текот на градењето во документацијата и на учесниците во градењето, име, презиме и потпис на лицето што го пополнил дневникот и потпис на раководниот- главен инженер. Во записот на надзорниот инженер, проектант и надлежниот инспектор се внесуваат констатации или забелешки на надзорниот инженер, како и евентуални констатации и забелешки на проектантот, по однос на потребните проектански измени и надлежниот инспектор, по однос на квалитетот и начинот на изведувањето на градбата, со нивно име, презиме и потпис.

(2) Внатрешните страници на градежниот дневник се еднообразни и се пополнуваат во два примероци на индигирана хартија, од кои по еден примерок задржуваат изведувачот и надзорниот инженер.

Член 3

(1) Градежниот дневник се води секој ден од започнувањето до завршувањето на изградбата.

(2) Во градежниот дневник се запишуваат и деновите односно периодите во кои нема активности на градилиштето, сите прекини на изведувањето на градежните работи во текот на изградбата, како и причините кои довеле до нивно прекинување.

Член 4

Градежен дневник се води на тој начин што се запишуваат активностите кои се изведуваат на градилиштето, во текот на извршувањето на градежните работи, во форма и содржина која овозможува да се докажува веродостојноста на градбата, односно усогласеноста на условите за изведување на градежните работи, согласно проектните решенија и барања содржани во основниот и изведбениот проект.

Член 5

(1) Градежната книга се води во форма на книга, формат А4 со тврди корици, која содржи насловна страница и меѓусебно поврзани внатрешни страници во кои се внесуваат следните податоци:

1. На насловната страница : број на книга, назив на градбата, адреса на градбата, број на одобрението за градење, назив „Градежна книга“, име односно назив на инвеститорот, назив на правното лице - проектант со број на лиценца и име и презиме со број на овластување на одговорниот проектант, назив на правното лице - изведувач со број на лиценца, име и презиме на главниот инженер на изведувачот, назив на правното лице за вршење на надзор со број на лиценца, име и презиме на надзорниот инженер со број на овластување, датум на почеток на изградбата и датум на завршување на изградбата. Доколку градежната книга е во повеќе примероци, датумот на завршување на градбата се запишува само на последната книга.

2. На внатрешната страница: назив „Градежна книга“, број на книга, назив на изведувачот, назив на инвеститорот, број на страница, датум на запишување на изведените работи, назив и адреса на градилиштето, опис на градежната позиција од понудата/договорот и број на договорот, единечна цена, единечна мерка за градежната позиција, реден број, изведени работи и количина на градежна позиција. На крајот од страницата се внесуваат вкупните количини за пренос на наредната страница до добивање на вкупната количина од изведените работи за конкретната градежна позиција. Под утврдената вкупна количина од левата страна, податоците ги заверува со потпис изведувачот, а од десната страна по извршената проверка, податоците со потпис ги потврдува надзорниот инженер.

(2) Внатрешните страници на градежната книга се еднообразни и се пополнуваат во два примероци на индигирана хартија, од кои по еден примерок задржуваат изведувачот и надзорниот инженер.

Член 6

Градежната книга содржи периодични податоци за изведените работи по количини, видот на материјали, градежни производи и опрема кои се вградени во градбата и се основ за изготвување на времената ситуација.

Член 7

(1) Градежната книга се води од започнувањето до завршувањето на изградбата.

(2) Податоците за изведените позиции запишани во градежната книга треба да се усогласени или споредливи со предметот кој е составен дел на проектната документација, по однос на количини на вградениот материјал и изведените работи.

Член 8

(1) Записите во градежниот дневник и градежната книга се внесуваат секој ден со хемиско пенкало, читливо и се заверуваат со потпис од раководниот/ главен инженер и надзорниот инженер.

(2) Неточните или погрешно внесени записи се прецртуваат на начин што овозможува да се чита нивната содржина и се заверуваат со потпис од раководниот/главен инженер и надзорниот инженер.

(3) По завршување на изградбата, еден комплетен примерок од градежниот дневник и градежната книга, подврзани и укоричени, задржува изведувачот, а вториот комплетен примерок од градежниот дневник и градежната книга, надзорниот инженер му ги предава на инвеститорот.

Член 9

(1) Во зависност од сложеноста на градбата и нејзината специфичност изведувачот може да води одделен градежен дневник и градежна книга за одделни делови или за одделни технолошки фази од изградбата во согласност со основниот и изведбениот проект.

(2) Одделниот градежен дневник и градежната книга се водат од денот на започнувањето до денот на завршувањето на изведувањето на одделните делови или одделните технолошки фази на изградбата.

(3) За водењето на одделниот градежен дневник и градежна книга задолжително се врши запис во градежниот дневник и градежната книга што се водат за целата градба, а во кој се запишуваат следните податоци:

- назив на делот од градбата или технолошката фаза од изградбата;
- назив на изведувачот на делот од градбата или технолошката фаза од изградбата;
- назив на правното лице што ќе врши надзор над изградбата на делот на градбата или на одделна фаза од изградбата и
- датум на започнување и завршување на градењето на делот од градбата или на одделната технолошка фаза од изградбата.

Член 10

(1) Градежниот дневник и градежната книга што се водат за одделни делови или за одделни технолошки фази од изградбата, се водат и заверуваат на ист начин како и градежниот дневник и градежната книга за целата градба.

(2) Градежниот дневник и градежната книга што се водат за одделни делови или за одделни технолошки фази од изградбата по завршувањето на изградбата на тие делови односно на одделните технолошки фази од изградбата се составен дел на градежниот дневник и градежната книга што се води за целата градба.

(3) По завршувањето на изградбата на одделните делови односно на одделните технолошки фази од изградбата, надзорниот инженер кој врши надзор над изградбата на тие делови, својот комплетен примерок од градежниот дневник и градежната книга за одделните делови од градбата, односно за одделните технолошки фази од изградбата му ја предава на главниот надзорен инженер за целата градба.

Член 11

Обрасците на градежниот дневник и градежната книга се дадени во прилог 1 и 2 и се составен дел на овој правилник.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и начинот на водење на градежната книга и градежниот дневник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/90).

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4406/1
13 април 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

**книга бр._____________**

Образец

внатрешна страница

<table>
<tr><td colspan="2">назив на градба</td><td rowspan="2">одобрение за градење<br>бр.______</td></tr>
<tr><td colspan="2">адреса на градба</td></tr>
<tr><td colspan="3"><h1>ГРАДЕЖНА КНИГА</h1></td></tr>
<tr><td>инвеститор<br>( име и презиме<br>односно назив )</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Проектант<br>( назив на<br>правото лице)<br>лиценца бр.</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Одговорен<br>проектант (име и<br>презиме)<br>овластување бр.</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>изведувач<br>(назив на<br>правното лице )<br>лиценца бр.</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>раководен/главен<br>инженер на<br>изведувачот<br>(име и презиме)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Надзор (назив на<br>правно лице)<br>лиценца бр.</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Надзорен<br>инженер<br>(име и презиме )<br>овластување бр.</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

Образец

внатрешна страница

<table>
<tr><td colspan="2">ГРАДЕЖНА КНИГА</td><td colspan="2">изведувач</td><td>страница бр.</td></tr>
<tr><td colspan="2">книга бр.</td><td colspan="2">инвеститор</td><td>месец / датум:</td></tr>
<tr><td colspan="2">адреса и назив на градилиште</td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">ГРАДЕЖНА ПОЗИЦИЈА:(опис на град.позиција од понуда / договор и број на договор)</td><td>единечна цена</td><td>единечна мерка</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>ред. број</td><td colspan="3">ИЗВЕДЕНИ РАБОТИ</td><td>количина</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">за пренос / вкупно =</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">Потпис на изведувачот</td><td colspan="2">Потпис на надзорниот инженер</td></tr>
</table>

**образец** **насловна страна**

**книга бр.____________**

| | |
|---|---|
| **назив на градба** | **одобрение за градење** |
| **адреса на градба** | |

# ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК

| | |
|---|---|
| **инвеститор<br>( име и презиме, односно назив)** | |
| **Проектант ( назив на правно лице) лиценца бр.** | |
| **Одговорен проектант<br>( име и презиме )<br>овластување бр.** | |
| **изведувач (назив на правното лице )<br>лиценца бр.** | |
| **раководен/главен инженер на изведувачот<br>(име и презиме )** | |
| **Надзор(назив на правно ице)<br>лиценца бр.** | |
| **надзорен инженер<br>(име и презиме )<br>овластување бр.** | |

| | |
|---|---|
| **датум на почеток на изградбата** | **датум на завршеток на изградбата**<br><br>**- период на изградба до: _______________** |

**образец** **внатрешна страница од дневникот**

| | | |
|---|---|---|
| **ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК** | **изведувач** | **страна бр.** |
| **книга бр.** | **инвеститор** | **датум:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **работно време / смени** | **состојба на струјомер** | **состојба на водомер** | **дн.температура мин. и мах.** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРУЧНА И ТЕХНИЧКА АНГАЖИРАНОСТ** | | | | | | | |
| **работници** | | | | **гр. машини** | | | |
| | | | | | | | |

**запис на изведувачот**

**составил:** **раководен/главен инженер**

**запис на надзорниот инженер, проектант и надлежен инспектор :**

**надзорен инженер** **проектант** **надлежен инспектор**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**1092.**

Министерството за локална самоуправа на Република Македонија Скопје, врз основа на член 70 и 71 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Примената на Одлуката за задржување на постоечките телефонски броеви и на мобилните апарати и за набавка на преносни компјутери (лап-топ) за советниците и градоначалникот на општина Македонски Брод бр. 07-88/4 од 30.01.2009 година, објавена во „Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр. 1/2009, се запира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за локална самоуправа во смисла на член 70 став 1 од Законот за локална самоуправа, по службена должност изврши надзор на прописите донесени од Советот на општина Македонски Брод, објавени во „Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр. 1/2009 и утврди дека Одлуката подробно опишана во диспозитивот на ова решение, не е во согласност со член 45 и член 100 од Законот за локална самоуправа, одредбите на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 161/08), како и член 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/07).

Имено во член 1 точка (а) од цитираната одлука, Советот на општина Македонски Брод, меѓу другото утврдил:

„Секој советник го задржува постоечкиот мобилен број заедно со телефонскиот апарат“ (завршен цитат).

Во точка (б) од истиот член и истата одлука утврдил:

„Градоначалникот на општината го задржува постоечкиот мобилен број заедно со телефонскиот апарат.

Во член 2 од запрената одлука, Советот на општина Македонски Брод пропишал:

„Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2009 година донесе одлука за набавка на преносни компјутери (лап-топ) за потребите на секој член на советот и за градоначалникот“.

„Овие преносни компјутери по завршувањето на мандатите на советниците и на градоначалникот преминуваат во нивна лична сопственост“ (завршен цитат).

Со оглед на тоа дека Советот на Македонски Брод, со Одлуката за задржување на постоечките телефонски броеви и на мобилните апарати и за набавка на преносни компјутери (лап-топ) за советниците и градоначалникот на општина Македонски Брод, пропишал право на надоместоци на членовите на Советот и примања на градоначалникот кои не се пропишани со закон, предметната одлука е инкомпатибилна со одредбите на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, како и со член 45 и член 100 од Законот за локалната самоуправа и член 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

По вака утврдената фактична состојба, Министерството за локална самоуправа врз основа на член 71 став 2 и 3 од Законот за локална самоуправа одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Доставено до: Градоначалникот на општина Македонски Брод;
Претседателот на Совет на општина Македонски Брод.

Бр. 14-444/1
27 март 2009 година
Скопје

Министер,
**Муса Џафери,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1093.**

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 8 став 2 од Правилникот за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 122/2006 и 28/2008), Комисијата за хартии од вредност, на својата седницата одржана на 18.05.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Драги Димитров од Радовиш, го губи правото на повторно полагање на посебниот стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност во организација на Комисијата за хартии од вредност, поради тоа што трипати едноподруго не го положи испитот за работа со хартии од вредност – Модул за Обврзници.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-1533/1 Комисија за хартии од вредност
18 мај 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**1094.**

Врз основа на член 227 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 11.05.2009 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИ ШТО ГИ НАПЛАТУВА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Во Тарифникот за утврдување на висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност бр. 03-241/11 од 14.04.2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2008) во став 1 оддел „а) Надоместоци за одобренија за издавање на хартии од вредност“ точка 1, по четвртата алинеја се додава нова алинеја која гласи:

„- Надомест за разгледување и одлучување по поединечно барање за одобрение за издавање акции поднесено врз основа на Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија Наум Наумовски – Борче Скопје, АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО-Охрид, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври – Еуро композити АД Прилеп („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2008)“, во висина од 10.000,00 денари.

2. Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 03-972/5 Комисија за хартии од вредност
11 мај 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**1095.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Пршовце - Општина Теарце.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Пршовце, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8083/1
19 мај 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1096.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Одри - Општина Теарце.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Одри, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8084/1
19 мај 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1097.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Волче - Општина Македонски Брод.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Волче, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-8085/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1098.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Растеш - Општина Македонски Брод.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Растеш, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8086/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1099.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Нежилово - Општина Чашка.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Нежилово, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8087/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1100.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Требош - Општина Желино.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Требош, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8088/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1101.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Стримница - Општина Желино.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Стримница, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8089/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1102.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Озормиште - Општина Желино.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Озормиште, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8090/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1103.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Шемшево - Општина Јегуновце.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Шемшево, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8091/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1104.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Селце - Општина Тетово.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Селце, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8092/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1105.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Ново Село 2 - Општина Боговиње.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Ново Село 2, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8093/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1106.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Синичане - Општина Боговиње.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Синичане, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8094/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1107.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Слатино - Општина Теарце.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Слатино, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-8095/1
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**1108.**

Врз основа на член 77 став (10) и (11) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009), а во врска со член 109 став (9) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 15 мај 2009 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СВОЈСТВО НА АГЕНТ И ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛИЦЕТО ВО РЕГИСТАРОТ НА АГЕНТИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО**

Член 1

(1) Во Правилникот за начинот и постапката за полагање испит за стекнување својство на агент и за запишување на лицето во регистарот на агенти и за формата и содржината на уверението („Службен весник на РМ„ бр. 138/2008) во член 5 став (2) по зборот: "прашања" се додаваат зборовите: "од областа на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување",

(2) По став (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Дополнителниот испит од член 173 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување се полага писмено според програма за полагање на испитот која содржи прашања од областа на доброволно капитално финансирано пензиско осигурување од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и од. Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

(4) Дополнителниот испит може да се полага најмногу три пати.“

Член 2

Член 14 се менува и гласи:

„Агентите на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови основано пред влегување во сила на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, можат да вршат работи на маркетинг на задолжителен пензиски фонд најмногу 90 дена од денот на полноважноста на одобрението за управување со доброволен пензиски фонд.

Член 3

Член 15 се менува и гласи:

„(1) Агентите на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови основано пред влегувањето во сила на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, треба да полагаат дополнителен испит за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и да се пререгистрираат во Регистарот на агенти, доколку тоа друштво основа и доброволен пензиски фонд, во рок од една година од денот на полноважноста на одобрението за управување со доброволен пензиски фонд.“

(2) Агентите на друштвото од став (1) од овој член треба да се пререгистрираат во Регистарот на агенти согласно член 8 од овој правилник.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-940/3
12 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.

## УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

**1109.**

Врз основа на член 10 точка 4, а во врска со член 81 став 2 и член 88 став 1 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007), директорот на Управата за ветеринарство, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ТРАНЗИТ ПРЕКУ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЖИВИ ДОМАШНИ И ДИВИ СВИЊИ, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ ПО ПОТЕКЛО ОД ДОМАШНИ И ДИВИ СВИЊИ ОД СИТЕ ЗЕМЈИ, ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ НА БОЛЕСТА ИНФЛУЕНЦА КАЈ СВИЊИ

1. Со денот на влегување во сила на ова решение престанува да важи решението за забрана на увоз во Република Македонија и транзит преку територијата на Република Македонија на живи домашни и диви свињи, семе за вештачко осеменување, јајни клетки и ембриони по потекло од домашни и диви свињи од сите земји, заради спречување на внесување на болеста инфлуенца кај свињи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2009).

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-5296/2
19 мај 2009 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009064